**(НЕОФИЦИЈАЛЕН КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ)**

# З а к о н
# за задолжително капитално
# финансирано пензиско осигурување

(„Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019 и 103/2021)

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, основање и работење на задолжителни пензиски фондови и друштва за управување со задолжителни пензиски фондови, како дел од системот на пензиското и инвалидското осигурување.

(2) Задолжителните пензиски фондови и друштвата од ставот (1) на овој член се основаат со цел да примаат придонеси од осигурениците обврзани врз основа на закон, да ги вложуваат во финансиски инструменти, да вршат распределба на акумулираните средства и да вршат исплати на програмирани повлекувања согласно со закон.

(3) Со овој закон се основа Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенција).

### Член 2

(1) Никој освен друштво основано согласно со овој закон и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови основано согласно со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување не може да врши работи на маркетинг или да нуди задолжителен пензиски фонд, пензиска шема или сличен пензиски аранжман, ниту да ги користи зборовите "Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови", "Задолжителен пензиски фонд", "Пензиска шема" или слични зборови, на македонски или на друг јазик, во својот назив.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до обемот на функциите кои тој ги извршува согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој закон.

### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Друштво" е друштво за управување со задолжителни пензиски фондови кое е основано и работи соглано со овој закон;

2. „Задолжителен пензиски фонд" е отворен инвестиционен фонд основан и управуван од страна на друштво за управување со задолжителни пензи`ски фондови и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

3. „Поврзано лице" во однос на одредено правно лице или физичко лице е:

а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) кое било друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) кое било друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или правно лице кои имаат непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;

д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице и

ѓ) во врска со лицата наведени во оваа точка, лица коишто се: во сродство преку брак или посвојување; деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци; на друг начин се крвно поврзани до втор степен; лица кои се во однос: родител старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка, снаа, зет и родители на брачните другари;

4. „Контрола" во смисла на точката 3. од овој член е кога едно лице:

а) директно или индиректно поседува мнозински влог во друго правно лице; или

б) директно или индиректно поседува мнозинство од правата на глас во друго правно лице; или

в) има право да назначува и разрешува мнозинство членови на органите на управување на друго правно лице, директно или индиректно, вклучувајќи и склучен договор со еден или повеќе акционери на другото правно лице за отстапување или здружување на нивните права на глас заради остварување заеднички интереси или

г) има право да остварува, директно или индиректно, значително влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на друго правно лице;

5. „Член на задолжителен пензиски фонд" е физичко лице кое склучило договор за членство во задолжителен пензиски фонд или во чие име е отворена сметка во задолжителен пензиски фонд во случаите утврдени во овој закон и неговото членство трае се до остварувањето право на пензија;

6. „Пензиониран член" е физичко лице кое остварило право на пензија од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување преку програмирани повлекувања и има индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд и од која врши повлекувања на средствата;

7. „Овластен актуар“ е физичко лице кое има дозвола за работа како овластен актуар од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија;

8. „Пренос на средства” е пренесување на средствата од сметката на членот отворена во еден задолжителен пензиски фонд, во друг задолжителен пензиски фонд со кој управува друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

9. „Агент” е лице кое врши работи на маркетинг на пензиски фондови;

10. „Трансакциони провизии” се надоместокот за берза на хартии од вредност, надоместокот за депозитар на хартии од вредност и провизијата за правните лица кои вршат услуги со хартии од вредност непосредно поврзани со тргување со средствата на задолжителните пензиски фондови;

11. „Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови” е акционерско друштво кое управува со задолжителен и со доброволен пензиски фонд согласно со овој закон и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

12. „Пензиско друштво” е друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со доброволни пензиски фондови и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

13. „Добра репутација“ има лице кое поседува, компетентност, работливост и други особини кои даваат сигурност дека со начинот на своето работење нема да ја загрози стабилноста и сигурноста на пензиските друштва и пензиските фондови и нема да ги загрози интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови, како и да нема доказ за негова претходна вклученост во деловни активности кои значат непочитување на прописите, деловните практики и процедури;

14. „Независен член на надзорниот одбор” е физичко лице коешто:

а) во последните пет години:

- немало материјален интерес или деловен однос со друштвото како деловен партнер или како раководно лице, член на управен одбор или член на надзорен одбор во деловниот партнер на друштвото или

- не било вработено, не е член на управен одбор или член на надзорен одбор на друштвото;

б) не е поврзано лице на друштвото, вработен во поврзано лице на друштвото или застапува поврзано лице на друштвото;

в) не е поврзано физичко лице со член на управен одбор или надзорен одбор на друштвото и

г) не работело и не работи во друштво за ревизија кое во последните три години вршело надворешна ревизија на работењето на друштвото;

15. „Материјал за маркетинг„ е целокупниот материјал за рекламирање, промоција или информација.кој се однесува на задолжителениот пензиски фонд или на друштвото кое управува со тој фонд;

16. „Работи на маркетинг” се сите активности чија цел е рекламирање на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови и на задолжителен пензиски фонд и информирање и склучување на договори за членство во задолжителен

пензиски фонд и за исплата на средства од задолжителен пензиски фонд што вклучува:

а) рекламирање на работењето на друштвото и задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува;

б) информирање за карактеристиките на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

в) информирање за надоместоците и трансакционите провизии;

г) информирање за приносот на задолжителниот пензиски фонд;

д) информирање за инвестиционото портфолио на задолжителниот пензиски фонд;

ѓ) информирање за индивидуални сметки;

е) зачленување и премин на членови од еден во друг задолжителен пензиски фонд;

ж) склучување на договори за програмирани повлекувања и

з) други активности заради рекламирање и обезбедување на информации поврзани со работењето на друштвото и на задолжителниот пензиски фонд, и

17. „Одговорно лице за прекршок“ е:

а) член на Управен одбор и/или член на Надзорен одбор на друштво или од него овластено лице;

б) директор или раководител на организациона единица одговорен за чување на имот на чуварот на имот или од него овластено лице;

в) директор, помошник директор или друго лице на раководна позиција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија;

г) управител на Центарот за котација или од него овластено лице и

д) член на орган на управување и /или орган на надзор на правно лице кое поднесува документи во постапка за лиценцирање или од него овластено лице.“

## ГЛАВА II
## ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

### Член 4

(1) Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови се основа и работи согласно со Законот за трговски друштва, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Агенцијата го пропишува начинот на добро корпоративно управување на друштвото..

(3) Друштвото е должно да донесе кодекс за добро корпоративно управување согласно со прописот од став (2) на овој член.

### Член 5

Друштвото може да се основа и да работи само во форма на акционерско друштво.

Член 6

Називот на секое друштво мора да ги содржи зборовите “друштво за управување со задолжителни пензиски фондови”.

Член 7

(1) Единствена дејност на друштвото е управување со задолжителни пензиски фондови, нивно претставување пред трети лица и други дејности поврзани со управувањето со задолжителни пензиски фондови.

(2) Друштвото и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да управува со повеќе од еден задолжителен пензиски фонд на начин и постапка пропишани од Агенцијата, по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика. Агенцијата го утврдува бројот на задолжителни пензиски фондови со кои може да управува едно друштво и ограничувањата за тие случаи, осигурениците кои можат да се зачленат во задолжителен пензиски фонд, начинот на пренесување на средства меѓу задолжителните пензиски фондови со кои управува исто друштво и други прашања за кои Агенцијата смета дека се од значење, врз основа на условите и степенот на развиеност на капитално финансираното пензиско осигурување и финансискиот пазар.

Член 8

Друштвото за управување со задолжителен пензиски фонд наплатува надоместок под услови и на начин утврдени во овој закон.

Член 9

(1) Основната главнина на друштвото не може да се зголемува преку јавна емисија на акции.

(2) Акциите на друштвото се обични акции на име.

(3) Друштвото не може да издава приоритетни акции.

(4) Акционерите на друштвото, согласно со нивното учество во основната главнина на друштвото, имаат еднаква положба во друштвото. Со статутот на друштвото не можат да се даваат повеќе права или поволности на одделни акционери или да им се ограничуваат правата или да се наложуваат дополнителни обврски.

Член 10

(1) Основна главнина на друштвото изнесува најмалку 1.500.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(2) Кога средствата на задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото ќе надминат 100.000.000 евра и во секој иден случај кога средствата на

задолжителниот пензиски фонд ќе се зголемат за дополнителни 100.000.000 евра, друштвото е должно во рок од 45 работни дена да ја зголеми главнината на друштвото најмалку до следниот износ:

| *Средства на задолжителниот пензиски фонд* | *Главнина на друштвото* |
|---|---|
| Од 100.000.001 евра до 200.000.000 евра | 2.500.000 евра |
| Од 200.000.001 евра до 300.000.000 евра | 3.500.000 евра |
| Од 300.000.001 евра до 400.000.000 евра | 4.500.000 евра |
| Од 400.000.001 евра до 500.000.000 евра | 5.500.000 евра |
| Од 500.000.001 евра до 600.000.000 евра | 6.500.000 евра |
| Од 600.000.001 евра до 700.000.000 евра | 7.500.000 евра |
| Од 700.000.001 евра до 800.000.000 евра | 8.500.000 евра |
| Од 800.000.001 евра до 900.000.000 евра | 9.500.000 евра |
| Над 900.000.001 евра | 10.000.000 евра |

(3) Еврата се пресметуваат во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(4) Друштвото е должно во секое време да го одржува износот на главнината но не помалку од една половина од износот на основната главнина од ставот (1) од овој член.

(5) Доколку дојде до зголемување на главнината на друштвото согласно со ставот (2) на овој член, друштвото е должно во секое време да го одржува зголемениот износ на главнината.

(6) Друштвото е должно во секое време да одржува сопствени средства во износ не помал од една половина од износот на основната главнина на друштвото од ставот (1) на овој член.

(7) Доколку дојде до зголемување на главнината на друштвото согласно со ставот (2) на овој член, друштвото е должно во секое време да одржува сопствени средства во износ не помал од една половина од износот на главнината од ставот (2) на овој член.

(8) Сопствените средства од ставовите (6) и (7) на овој член на друштвото се

состојат од основната главнина, резервите и други ставки, пресметани според методологија која ја пропишува Агенцијата.

(9) Друштвото е должно во секое време да одржува износ на ликвидни средства како процент од основната главнина на друштвото од ставот (1) на овој член, односно главнината од ставот (2) на овој член.

(10) Минималниот процент на ликвидните средства од ставот (9) на овој член го пропишува Агенцијата.

Член 11

(1) Основната главнина на друштвото се уплатува само во парични средства.

(2) Основната главнина на друштвото се уплатува во целост пред уписот на друштвото во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Централниот регистар на Република Македонија е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на основната главнина на друштвото во рок од три дена од извршениот упис.

(4) Основната главнина се уплатува на сметка отворена во банка или во филијала на странска банка овластена да работи на територијата на Република Македонија.

Член 12

(1) Основната главнина на друштвото не смее да потекнува од заеми и кредити, ниту да биде оптоварена на било кој начин.

(2) Основната главнина на друштвото мора да потекнува од законски извори и да биде оданочена согласно со прописите на Република Македонија и прописите на земјата во која секој странски акционер е основан како правно лице.

Член 13

(1) Друштвото е должно веднаш да ја извести Агенцијата за секое намалување на основната главнина, главнината, сопствените средства или ликвидните средства под износите утврдени во членот 10 на овој закон.

(2) Агенцијата може да го укине одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд на друштвото, доколку по намалување на основната главнина, главнината, сопствените средства или ликвидните средства под бараниот износ друштвото нема да изврши нивно зголемување до бараниот износ, во рок кој не може да биде подолг до 12 месеци.

Член 14

(1) Друштва за управување со задолжителни пензиски фондови можат да основаат домашни и странски правни лица.

(2) Основачите кои можат да поседуваат 51% од основната главнина на друштвото се банки, осигурителни друштва, друштва за управување со задолжителни пензиски фондови и други финансиски институции, како и други правни лица кои посредно или

непосредно, поседуваат повеќе од 50% од акциите со право на управување на тие институции. Доколку нема основач или основачи кои ќе поседуваат 51% од основната главнина на друштвото, тогаш сите основачи го исполнуваат овој услов.

(3) Исто правно лице може да биде акционер само во едно друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

(4) Поврзани правни лица можат заедно да бидат акционери само во едно друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

(5) Доколку дојде до нарушување на воспоставените односи утврдени со ставовите (3) и (4) на овој член, поради организациони, статусни промени, промени во сопственоста или правната положба на правните лица од тие ставови, правните лица се должни да извршат соодветно усогласување во рок од шест месеци.

Член 15

(1) Основач на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови е правно лице што ги исполнува следниве услови:

а) да има капитал најмалку во износ од 20.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола;

б) да има најмалку три години постоење;

в) да е во континуитет солвентно во неговото работење во Република Македонија или во странство;

г) да има постојан менаџерски тим составен од компетентни, стручни и искусни лица.

(2) Доколку како основач се јави странска финансиска институција покрај условите од ставот (1) на овој член, мора да има рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции, најмалку за период од една година пред да се пријави како основач.

(3) Агенцијата поблиску ги пропишува условите од членовите 14 и 15 на овој закон.

Член 16

(1) Секое стекнување или пренос на акциите на друштвото подлежи на претходна согласност од Агенцијата, во спротивно се сметаат за ништовни.

(2) Друштвото го доставува до Агенцијата барањето за согласност за стекнување или пренос на акции од името на лицето кое има намера да се стекне со акции или да ги пренесе акциите.

(3) Агенцијата дава согласност за стекнување или пренос на акциите на друштвото во рок од 30 дена од денот на доставувањето на барањето од ставот (2) на овој член, ако барателот ги исполнува законските услови да стане основач на друштво.

(4) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува и на трансакции со акции кога по извршената трансакција, купувачот или со него поврзаното лице, заеднички не стекнале повеќе од 3% од основната главнина на друштвото.

(5) Доколку постојат само две друштва едното друштво не смее да купува акции од другото друштво за управување со задолжителни пензиски фондови и тие не смеат да се спојуваат, присоединуваат, делат или на друг начин да се реорганизираат.

(6) Доколку постојат повеќе од две друштва едното друштво не смее да купува акции од друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, освен во случај на спојување и присоединување на друштвата.

Член 17

(1) Управниот одбор на друштвото е составен од најмалку два члена.

(2) Надзорниот одбор на друштвото е составен од најмалку четири члена.

(3) Доколку се намали бројот на членови на управен одбор под оној предвиден во ставот (1) од овој член, надзорниот одбор од своите редови именува вршител на должност член на управен одбор. Членот на надзорен одбор кој е именуван за вршител на должност во период на извршување на оваа должност, не може да учествува во донесување на одлуките што се во надлежност на надзорниот одбор. Вршителот на должност е предмет на упис во Централниот регистар.

(4) За член на управен одбор и надзорен одбор може да се именува лице кое, покрај условите предвидени во Законот за трговски друштва, ги исполнува и следниве услови:

а) има високо образование;

б) има работно искуство од најмалку пет години во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со задолжителни пензиски фондови или финансиски услуги од кои три години работно искуство на раководна позиција;

в) не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во областите наведени во точката (б) на овој став;

г) не е осудувано за кривично дело од областа на финансиите и банкарството и предизвикување на стечај на правно лице и

д) поседува репутација со што ќе се обезбеди сигурно и стабилно работење на друштвото и пензискиот фонд.

(5) Агенцијата по службена должност обезбедува информации од надлежните институции во Република Македонија од став (4) точки в) и г) на овој член, а странецот сам обезбедува вакви информации од надлежните институции во странската земја.

(6) Покрај условите од ставот (4) на овој член, член на управен одбор на друштвото дополнително треба да ги исполни следниве услови:

а) да ги познава прописите од областа на капитално финансираното пензиско осигурување; и

б) да достави програма за работење на друштвото и пензискиот фонд од својот делокруг на работа.

(7) Најмалку еден од членовите на управниот одбор треба да има положен испит

за инвестиционен советник или друг соодветен испит од надлежна институција во странство.

(8) При изборот на членовите на надзорен одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорен одбор.

(9) Членовите на управниот одбор на друштвото, по добивањето на одобрение од Агенцијата треба да се вработат во друштвото.

(10) Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за избор на член на управен одбор и надзорен одбор на пензиско друштво.

(11) Агенцијата го поништува односно укинува одобрението за член на управен или надзорен одбор кога ќе утврди дека:

а) одлуката за давање одобрение е донесена врз основа на невистинити и неточни податоци;

б) во периодот по издавањето на одобрението добие документиран доказ дека членот повеќе не ги исполнува условите од овој член и

в) членот изврши повреда на правилата за добро корпоративно управување, не работи согласно поднесената програма за работа, не ја спроведува деловната политика на друштвото и пензискиот фонд или на друг начин ги загрози интересите на членовите на пензискиот фонд.

Член 18

(1) Член на управен одбор, на надзорен одбор и одговорно лице за: инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања не може да биде член на управен одбор или на надзорен одбор или да работи како раководно лице во:

а) друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови;

б) странски менаџер кој е избран да управува со средствата на задолжителниот пензиски фонд;

в) чувар на имот во кој се чуваат средствата на задолжителниот пензиски фонд;

г) секое лице што има статус на поврзано лице со субјектите од точките а), б) и в) на овој став.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на лицата кои се вработени или поврзани по основ на договор за дело со субјектите од ставот (1) на овој член.

(3) Лицето од ставовите (1) и (2) на овој член е должно да ги исполнува условите од овој член од денот кога ќе биде именувано за член на управен одбор или надзорен одбор на друштвото. Овие услови лицето не е должно да ги исполни во времето на пријавување за дозвола за основање на друштво или барање на согласност за членство во управниот или надзорниот одбор.

Член 18-а

(1) Член на управен одбор, на надзорен одбор, одговорно лице за: инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања и орган на друштвото има фидуцијарна должност да работи единствено во корист на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд. Должноста треба да ја спроведува со примена на високи стандарди на етика и интегритет и без конфликт на интереси и да обезбеди нивна примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во друштвото.

(2) Член на управен одбор, на надзорен одбор и одговорно лице за: инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања треба да има соодветна управувачка и оперативна компетентност заради извршување на должностите кои му се доделени и секогаш да се информира за прашањата кои се однесуваат на неговиот делокруг на работа.

Член 18-б

(1) Друштвото е должно да воспостави ефикасни контролни механизми кои се документирани во неговите интерни акти со цел за ублажување на сите ризици кои влијаат на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Друштвото е должно да воспостави процедура и да определи лица за следење и обезбедување на усогласеност на работењето со закон, подзаконските акти и интерните акти на друштвото.

Член 19

(1) Друштвото е одговорно пред членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд за штетите кои се резултат на неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските утврдени во овој закон, во врска со управувањето и претставувањето на одделен задолжителен пензиски фонд, освен ако слабите и несоодветни резултати се должат на околности на кои друштвото не можело да влијае и кои не можеле да бидат променети од страна на друштвото и во случај на највисок степен на совесност.

(2) Штетите од ставот (1) на овој член, настанати поради неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските, не смеат да се покриваат од средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Пренесување на извршувањето на одделни обврски на трето лице не го ослободува друштвото од одговорност.

Член 20

(1) Друштвото не смее да ги користи своите средства за:

а) стекнување или преземање акции и други хартии од вредност или влогови во други правни лица, освен државни записи и обврзници издадени од Република Македонија;

б) давање заеми и обезбедување на гаранции или други обезбедувања освен оние пропишани со овој закон;

в) земање заеми и кредити и издавање обврзници, во вкупна вредност која надминува одреден процент од главнината, кој процент го утврдува Агенцијата или

г) купување или продавање хартии од вредност, доколку со ваквото тргување би се оневозможило купување или продавање хартии од вредност со средствата на задолжителниот пензиски фонд или доколку купувањето или продавањето хартии од вредност со средствата на задолжителниот пензиски фонд би се реализирало по понеповолни услови за задолжителниот пензиски фонд.

(2) По исклучок од ставот (1) точка а) на овој член, друштвото може да ги употребува своите средства за купување акции во субјект што врши работи на евиденција, тргување со долгорочни хартии од вредност, маркетинг или други административни дејности за друштвото, под услов тој субјект да ги извршува услугите исклучиво за тоа друштво. Доколку субјектот престане да ги исполнува условите од овој став, друштвото е должно да ги отуѓи акциите во субјектот во рок од три месеци.

(3) Доколку друштвото има намера да купи акции во други субјекти согласно со ставот (2) на овој член, вкупниот капитал за тие купувања заедно со цената платена за сите претходни купувања на акции кои ги поседува друштвото не може да надмине 10% од вкупниот износ на акционерскиот капитал на тоа друштво на датумот на купувањето.

Член 21

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да води целосна, точна и ажурна евиденција за индивидуалната сметка на секој член и на пензиониран член на задолжителниот пензиски фонд, за неговите уплатени придонеси, односно исплатени и пренесени средства, бројот на сметководствени единици на сметката и вредноста на сметката, како и други податоци утврдени со закон.

(2) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ги архивира и чува, согласно со закон, сите документи и друга евиденција во врска со задолжителниот пензиски фонд со кој управува, а особено:

а) податоците за членовите и за пензионираните членови и за претходните членови и за пензионирани членови вклучувајќи име, презиме и адреса, единствен матичен број и износот на индивидуалната сметка во моментот на напуштање на задолжителниот пензиски фонд;

б) податоци за сите купени и продадени средства за задолжителниот пензиски фонд со кој управува, датумот на трансакциите, идентитетот на другата договорна страна и реализирана цена.

(3) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ја чува евиденцијата со сите податоци содржани на индивидуалните сметки и потсметки, врз основа на информациите со состојбата од последниот работен ден на секоја календарска година и на надворешен медиум.

(4) Сите документи и друга евиденција мораат да се чуваат за период од 50 години.

(5) По истекот на времето од десет години од создавањето на некој документ или евиденција, истиот може да се чува единствено како електронски запис.

(6) Во случај друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови да престане да управува со задолжителен пензиски фонд, обврзано е да постапи согласно со одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член.

(7) Агенцијата ја пропишува содржината и начинот за водење, архивирање и чување на евиденцијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(8) Лицето одговорно за индивидуални сметки е одговорно за правилно и навремено водење, архивирање и чување на евиденцијата за индивидуалната сметка на секој член и на пензиониран член на задолжителниот пензиски фонд согласно одредбите од овој член.

Член 21-а

(1) Друштвото е должно да има посебна организациона единица за внатрешна ревизија раководена од внатрешен ревизор која за својата работа одговара пред надзорниот одбор на друштвото.

(2) Организационата единица од ставот (1) на овој член врши постојана и целосна контрола на законитоста и ажурноста на работењето на друштвото, особено на управувањето со средствата на задолжителниот пензискиот фонд преку, но не ограничувајќи се на:

а) оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;

б) оцена на поставеноста на информациониот систем;

в) оцена на точноста и веродостојноста на финансиските извештаи на друштвото и задолжителниот пензиски фонд;

г) проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со закони и подзаконски акти од соодветната област;

д) следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите за областа на работење на друштвото, вклучувајќи ги и политиките за управување со ризикот и етичкиот кодекс на друштвото;

ѓ) оцена на системите за спречување на перење пари;

е) оцена на услугите што друштвото ги добива од надворешни соработници;

ж) процена на општата ефикасност на работењето на друштвото;

з) оцена на процесот на исплати преку програмирани повлекувања и

ѕ) оцена на процесот на управување со ризици

(3) Организационата единица од ставот (1) на овој член изготвува годишен план за работа за наредната година во кој задолжително се наведува предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на годината со планирано времетраење за спроведување на контролите. Надзорниот одбор на друштвото го одобрува годишниот план за работа и го доставува до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговото одобрување.

(4) Организационата единица од ставот (1) на овој член изготвува извештај за своето работење за претходната година и го доставува на усвојување на надзорниот одбор на друштвото и истовремено го доставува до Агенцијата, најдоцна до 31 март.

(5) Надзорниот одбор на друштвото усвоениот извештај од ставот (4) на овој член го доставува до Собранието на акционери на друштвото и истовремено го доставува до Агенцијата.

(6) Лице вработено во организационата единица од ставот (1) на овој член врши работи единствено за внатрешната ревизија.

Член 21-б

(1) Друштвото е должно да назначи лице одговорно за пресметка на програмирани повлекувања овластен актуар кој за својата работа одговара пред управниот одбор на друштвото.

(2) Доколку овластениот актуар престане да врши актуарски работи во друштвото, друштвото е должно за тоа да ја извести Агенцијата во рок од пет дена од престанокот.

(3) Друштвото е должно во рок од 30 дена од денот на престанокот на вршење на работите на овластениот актуар да назначи нов овластен актуар.

(4) Друштвото не смее да назначи овластен актуар кој е поврзано лице со друштвото согласно со овој закон.

(5) Овластениот актуар е должен да даде насоки за пресметки на програмираните повлекувања и да провери дали направените пресметки и користените таблици на смртност и каматни стапки се пресметани во согласност со закон и подзаконските акти пропишани од Агенцијата.

(6) Овластениот актуар е должен да врши проверка на ликвидноста на задолжителниот пензиски фонд.

(7) Секое тримесечје овластениот актуар изготвува потврда со мислење за преземените дејствија од ставовите (5) и (6) на овој член на начин, содржина и форма пропишани од Агенцијата.

(8) Овластениот актуар потврдата со мислење од ставот (7) на овој член ја поднесува до управниот одбор на друштвото.

(9) Овластениот актуар изготвува извештај за своето работење за претходната година и го доставува на усвојување до надзорниот одбор на друштвото.

(10) Доколку овластениот актуар при вршење на својата работа утврди дека програмираните повлекувања не се пресметани согласно со закон и подзаконски акти пропишани од Агенцијата, истиот е должен веднаш да го извести управниот одбор на друштвото. Доколку управниот одбор не го земе предвид известувањето на овластениот актуар, тој е должен веднаш да ја извести Агенцијата.

Член 21-в

(1) Друштвото е должно да воспостави активности за управување со ризици на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Друштвото е должно да назначи лице одговорно за управување со ризици кое треба да има соодветни квалификации за извршување на активности поврзани со управување со ризици и да нема конфликт на интерес.

(3) Лицето од ставот (2) на овој член треба има пристап до податоците во друштвото. Лицето е должно да обезбедува објективна анализа на ризиците и правилно да го советува управниот одбор при донесување на одлуките, имајќи ги предвид сите релевантни ризици.

(4) Лицето од ставот (2) на овој член поднесува извештај до управниот одбор на друштвото.

(5) Извештајот од ставот (4) од овој член друштвото е должно да го доставува до Агенцијата, најмалку еднаш годишно, односно веднаш доколку се утврди дека настанала сериозна закана по интересите на членовите и на пензионираните членови.

Член 22

(1) Друштвото назначува надворешен овластен ревизор со добри референци, кој не смее да биде поврзано лице со друштвото или со акционери на друштвото, странскиот менаџер на фондови или чуварот на имот. Ист надворешен овластен ревизор може да изврши најмногу три последователни годишни ревизии за исто друштво.

(2) Друштвото е должно да објави извадок од ревидираниот финансиски извештај со мислење на овластениот ревизор, во најмалку еден дневен весник и на својата веб страница, во рок од 15 дена од усвојувањето на извештајот од страна на собранието на друштвото.

(3) Агенцијата ја пропишува содржината на надворешната ревизија на пензиските друштва во согласност со меѓународните стандарди

Член 22а

(1) Претставници на друштвата задолжително учествуваат на обуки од областа на капитално финансирано пензиско осигурување организирани од Агенцијата.

(2) Агенцијата ги пропишува видот на обуките и начинот на нивното спроведување.

Член 22-б

Друштвото е должно да дава, води, евидентира, архивира, доставува, објавува точни и ажурирани известувања, податоци, информации.

## ГЛАВА III
## ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ, ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНД

Членовите од 23 до 39 престануваат да важат врз основа на член 76 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08

## ГЛАВА III а
## ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

### Член 39-а

(1) Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови се основа врз основа на дозвола од Агенцијата и управува со задолжителен пензиски фонд врз основа на одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд.

(2) Во Централниот регистар на Република Македонија може да се изврши упис на друштвото само ако тоа има дозвола од Агенцијата издадена согласно со условите пропишани со овој закон.

(3) Агенцијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за добивање дозвола за основање и одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд.

### Член 39-б

(1)Заради добивање на дозвола за основање на друштво заинтересираните лица доставуваат до Агенцијата барање со документацијата наведена во член 39в од овој закон и деловен план кој ги содржи поединостите за сите надоместоци и провизии што ќе се наплатуваат согласно овој закон. Барање за одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд и барање за запишување на задолжителен пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови се доставува заедно со барањето за дозвола за основање на друштво.

(2) Барањата од став (1) на овој член се поднесуваат потпишани од овластени потписници на лицето или лицата кои би биле основачи на друштво, во форма пропишана од Агенцијата. Во случај да има повеќе лица кои имаат интерес да настапат како еден барател, барањата со документација се поднесува заеднички од името на сите лица.

### Член 39-в

(1) Кон барањата од член 39-б став (1) од овој закон се доставува следната документација:

а) нацрт на статут на друштвото;

б) нацрт на статут на задолжителниот пензиски фонд со кој ќе управува;

в) нацрт на договор со чувар на имот;

г) потпишана изјава од овластени потписници на сите лица кои би биле основачи, дека доколку добијат дозвола ќе основаат друштво и задолжителен пензиски фонд согласно со овој закон;

д) список на основачите и податоци за поврзаноста на правните лица и објаснувања за карактерот на таквата поврзаност;

ѓ) за сите лица кои би биле основачи, заверени копии од статутите или други

основачки акти и извадок од надлежен орган во кој се регистрирани, имиња и адреси на членови на управните одбори и заверени копии од последните три финансиски извештаи ревидирани од надворешен овластен ревизор, како и секој дополнителен доказ потребен за да се покаже дека се исполнети условите од членот 15 на овој закон.;

е) документи со кои се потврдува дека на датумот на поднесување на барањата, основачите кои ќе држат 51% од основната главнина на друштвото имаат големо искуство во управување со средства;

ж) доказ за потеклото на финансиските средства што ќе бидат уплатени на име основна главнина на друштвото;

з) список на кандидати за членови на управниот одбор и на надзорниот одбор на друштвото заедно со изјави со кои тие се согласни да ги извршуваат овие функции доколку добијат дозвола за основање, и да ги задоволат сите услови пропишани со овој закон вклучувајќи повлекување од било која функција што претставува конфликт на интереси и е забранета со овој закон, како и опис на нивните стручни квалификации и на претходното професионално искуство со препораки;

ѕ) податоци за лица кои се предлага да бидат одговорни за инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања;

и) укината со Одлука на Уставен суд на Република Македонија бр.165/08, објавена во "Службен весник на Република Македонија бр.40/09;

ј) план за имплементирање на основањето на друштво и задолжителен пензиски фонд, како и организационен план за структурата на друштвото;

к) информативен проспект за задолжителен пензиски фонд и програма за инвестициона стратегија на задолжителен пензиски фонд;

л) други потребни документи кои ги пропишува Агенцијата и

љ) потпишана изјава, од овластени потписници на сите лица кои би биле основачи дека по добивање на одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд друштвото ќе се вклучи во Центарот за електронски систем за котација (во натамошниот текст: Центарот), согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и.

(2) По приемот на барањата од член 39-б став (1) на овој закон, Агенцијата може да побара доставување на дополнителни документи и податоци.

(3) Агенцијата може дополнително да испита одделни факти во врска со барањата и документација и за таа цел може:

а) да побара информација од Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам или соодветна институција во странство и да се обрати до други надлежни регулаторни и супервизорски органи и институции во Република Македонија и во странство и

б) да прибира документи и податоци од други извори.

Член 39-г

Агенцијата издава дозвола за основање и условно одобрение за управување со

задолжителен пензиски фонд на заинтересирани лица, врз основа на документите и податоците од член 39в од овој закон, доколку не е спротивно на интересите на осигурениците кои би можеле да се зачленат или станат пензионирани членови во иден задолжителен пензиски фонд кој ќе се основа согласно со овој закон и по оценка за исполнување на следните услови:

а) од документите и применете податоци произлегува дека доколку се издаде дозвола, во предложеното друштво ќе биде уплатена основната главнина пропишана со овој закон;

б) од документите и расположливите податоците произлегува дека барателите располагаат со финансиски средства за таа намена;

в) од документите и расположливите податоците произлегува дека барателите ги исполнуваат условите за основачи од членовите 14 и 15 на овој закон;

г) од документите и расположливите податоци произлегува дека лицата предложени за членови на управен одбор и на надзорен одбор и лицата одговорни за инвестиционото управување, ги исполнуваат условите утврдени со овој закон;

д) документите поднесени согласно со член 39-в од овој закон содржат одредби кои нема да ги загрозат интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд или во тие документи не се пропуштени одредби со кои во доволна мера се заштитени тие интереси;

ѓ) барателите докажале дека обезбедиле или ќе обезбедат навремено склучување договори за финансиско сметководство и ревизија на друштвото согласно овој закон;

е) предложениот назив на идното друштво или називот на идниот задолжителен пензиски фонд нема да ги доведе во заблуда членовите и пензионираните членови на фондот, идните членови или пензионирани членови и кое било друго лице кое би можело да има контакти со друштвото и задолжителниот пензиски фонд;

ж) работењето на друштвото и на задолжителниот пензиски фонд ќе се врши согласно со стандардите на управување со задолжителните пензиски фондови и добрите деловни обичаи и

з) од документите и од податоците произлегува дека идното друштво нема да врши други дејности освен оние за кои е овластено врз основа на овој закон и кои се директно поврзани со управувањето со пензиски фонд.

Член 39-д

(1) Агенцијата одлучува за барањата од член 39-б став (1) од овој закон во рок од 60 дена од приемот на барањата.

(2) На заинтересираните лица на кои им се прифатени барањата Агенцијата им издава дозвола за основање и условно одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд.

(3) Заинтересираните лица на кои им е издадена дозвола за основање и условно одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд се должни да основаат друштво согласно со поднесената документација, врз основа на Законот за трговските друштва и овој закон. Друштвото мора да биде основано во рок од 90 дена од приемот

на дозволата, а од оправдани причини Агенцијата може да го продожи рокот за најмногу 90 дена.

(4) Доколку заинтересираните лица на кои им е издадена дозвола за основање не основаат друштво во рокот определен со ставот (3) на овој член, по истекот на тој рок Агенцијата ќе ја одземе дозволата за основање.

Член 39-ѓ

(1) На заинтересираните лица на кои не им е издадена дозвола Агенцијата им доставува одлука со образложение за одбивањето. Овие одлуки се достапни на јавноста.

(2) Против одлуката од став (1) на овој член заинтересираното лице може да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежен суд. Тужбата не го одложува извршувањето на одлуката.

Член 39-е

(1) Друштвото ја известува Агенцијата за основањето и уписот во Централниот регистар на Република Македонија во рок од 30 дена од извршениот упис. Друштвото е должно да достави заверена копија од статутот на друштвото, последните верзии на документите од членот 39-в став (1) точки (б) и (в) на овој закон, копија од условното одобрение од членот 39-г на овој закон и други документи во врска со работењето со задолжителен пензиски фонд пропишани од Агенцијата.

(2) По исполнување на условите предвидени во членот 39-д став (3) на овој закон и став (1) на овој член условното одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд станува полноважно.

(3) По полноважноста на одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд Агенцијата го запишува задолжителниот пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови и му определува идентификациски број.

(4) Запишувањето на задолжителниот пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови има правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на запишување во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови.

(5) Друштвото е должно во рок од 90 дена од денот на полноважноста на одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд согласно со ставот (2) на овој член да се вклучи во Центарот согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

(6) Друштвото не може да започне со активности на управување со задолжителен пензиски фонд, како и маркетинг и испитување на јавното мислење пред добивање на дозволата за основање, одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд и пред уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 39-ж

(1) Сите измени на акционерите, членовите на управниот и надзорниот одбор, одговорните лица или измени и дополнувања на документите и податоците наведени во член 39-в од овој закон, подлежат на одобрение од страна на Агенцијата, освен ако измените се надвор од контролата на друштвото, а тоа ги презело сите потребни мерки за спречување на тие промени. За измените настанати надвор од контрола на друштвото, тоа е должно да ја извести Агенцијата.

(2) Агенцијата ги цени измените од став (1) на овој член согласно со одредбите за исполнување на условите од член 39-г од овој закон.

(3) Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за давање на одобрението од ставот (1) на овој член.

Член 39-з

(1) Агенцијата може да повлече или укине одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд од истите причини од кои одбива барање поради не доставување на документите од членот 39-в од овој закон, не исполнување на условите од членовите 39-г и 39-е став (5) од овој закон, злоупотреба на податоци за времено распределени осигуреници, членови или пензионирани членови, на барање од друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, грубо кршење на одредбите од овој закон и во други случаи утврдени со овој закон.

(2) Пред да го повлече или укине одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд, Агенцијата ќе го повика друштвото и ќе му даде можност да ги отстрани незаконитостите и неправилностите во работењето во рок определен од Агенцијата, освен доколку смета дека таквата можност би била во спротивност со интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд или на јавниот интерес.

(3) Агенцијата веднаш ќе го извести друштвото за одлуката за повлекување или укинување на одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд.

(4) Против одлуката на Агенцијата од ставот (1) на овој член друштвото може да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежен суд. Тужбата не го одложува извршувањето на одлуката

(5) Агенцијата поблиску ја уредува постапката за повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд од ставот (1) на овој член.

(6) По укинување на одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд, на друштвото кое управувало со тој пензиски фонд соодветно се применуваат одредбите за ликвидација на друштва од Законот за трговските друштва или одредбите од Законот за стечај.

Член 39-ѕ

(1) Друштвото на кое му е повлечено одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд врз основа на член 39-з од овој закон продолжува да работи под надзор на Агенцијата, на начин пропишан од Агенцијата.

(2) Доколку на друштво му се укине одобрението за управување со

задолжителен пензиски фонд, врз основа на член 39-з од овој закон, заради заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните пензиски фондови Агенцијата го презема управувањето и раководењето со тој задолжителен пензиски фонд, до исполнување на условите од став (3) на овој член, на начин пропишан од Агенцијата.

(3) Кога одлуката за укинување на одобрението ќе стане конечна и доколку има најмалку две друштва, Агенцијата ги распределува членовите и пензионираните членови во постојните задолжителни пензиски фондови со кои управуваат тие друштва согласно член 58 став (6) од овој закон, на начин пропишан од Агенцијата.

Член 39 - и

Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови може да се спои само со друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

Член 39- ј

(1) Со спојување на друштвата од членот 39 - и од овој закон се основа ново друштво.

(2) Новото друштво се основа врз основа на дозвола издадена од Агенцијата, а по основањето, од Агенцијата добива одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд.

(3) Заради добивање на дозвола за основање на новото друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, постојните друштва доставуваат до Агенцијата барање со документацијата наведена во ставот (5) од овој член и деловен план кој ги содржи деталите за сите надоместоци и провизии што ќе се наплатуваат согласно овој закон. Барање за одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд и барање за запишување на задолжителен пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови се доставува заедно со барањето за дозвола за основање на друштво.

(4) Барањата од ставот (3) од овој член се поднесуваат потпишани од овластени потписници на постојните друштва за управување со задолжителни пензиски фондови кои би биле основачи на новото друштво. Обрасците и содржината на барањата ги пропишува Агенцијата.

(5) Кон барањата од ставот (3) од овој член, друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови треба да ги достават следните документи:

а) одлука за спојување донесена од надлежен орган на секое од друштвата;

б) договор за спојување на друштвата;

в) организационен и финансиски план за имплементација на новото друштво;

г) назив на новото друштво и на новиот пензиски фонд;

д) информации за тоа дали акционерите се поврзани лица;

ѓ) документи за финансиската состојба на акционерите на секое друштво, за сите години од неговото основање а најмногу за период од пет години кој претходи на датумот на поднесување на барањето, вклучувајќи и документи со кои се потврдува дека ниту еден од акционерите нема заостанати неплатени даноци и придонеси за социјално осигурување;

е) ревидиран информативен проспект за новиот задолжителен пензиски фонд;

ж) нацрт на статут на новиот задолжителен пензиски фонд во кој се наведуваат планираните надоместоци;

з) нацрт на договор со чуварот на имот за новиот задолжителен пензиски фонд и детали за раскинувањето на постојните договори;

ѕ) имиња на предложените членови на управниот и надзорниот одбор и доколку овие лица не се дел од друштвата кои се спојуваат и информации од членот 39 - в став (1) точка з) на овој закон;

и) податоци за лица кои се предлага да бидат одговорни за инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања,;

ј) програма за инвестиционата стратегија на новиот задолжителен пензиски фонд;

к) потпишана изјава од овластени потписници на друштвата кои се спојуваат дека по добивање на одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд друштвото ќе се вклучи во Центарот согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и

л) други документи кои ги пропишува Агенцијата.

(6) Агенцијата издава дозвола за основање на ново друштво за управување со задолжителни пензиски фондови и одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд врз основа на документите од ставот (5) на овој член и по исполнување на условите од овој закон.

(7) По полноважноста на одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд Агенцијата го запишува задолжителниот пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови и му определува идентификациски број.

(8) Запишувањето на задолжителниот пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови има правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на запишување во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови.

(9) Новото друштво за управување со задолжителни пензиски фондови е правен наследник на двете друштва за управување со задолжителни пензиски фондови кои го основале.

(10) Агенцијата поблиску го уредува начинот на спојување на друштвата од членот 39-и на овој закон и на пензиските фондови од членот 39 - л на овој закон.

Член 39- к

Агенцијата може да одбие барање за спојување на друштва за управување со задолжителни пензиски фондови доколку:

а) барањето со документацијата не ги исполнуваат условите од членовите 6, 7, 10, 11, 12, 14, 15, 17, 18, 21-а, 21-б, 21-в и 22 на овој закон;

б) документите приложени кон барањето или други информации укажуваат дека кое било од друштвата кое се спојува во период од пет години пред поднесување на барањето има заостанати долгови по основ на неплатени даноци и придонеси за социјално осигурување;

в) акциите на кое било од друштвата потекнуваат од заем, кредит или се на било кој начин оптоварени;

г) деловните активности на подносителите на барањето не гарантираат дека новото друштво и задолжителните пензиски фондови со кои ќе управува ќе бидат управувани во најдобар интерес на членовите и на пензионираните членови и

д) со спојувањето се загрозуваат интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните пензиските фондови или друг јавен интерес.

Член 39 - л

(1) Задолжителните пензиски фондови се спојуваат во исто време со друштвата кои управувале со тие пензиски фондови и се основа еден задолжителен пензиски фонд.

(2) По спојувањето на задолжителните пензиски фондови од ставот (1) на овој член, новиот задолжителен пензиски фонд ги презема правата и обврските од задолжителните пензиски фондови кои се споиле.

Член 39 - љ

Пред спојувањето на друштвата од членот 39-и на овој закон, друштвата писмено ги известуваат сите членови и пензионирани членови на задолжителните пензиски фондови за одлуката за спојување. По спојувањето, новото друштво за управување со задолжителни пензиски фондови ги известува сите членови на задолжителните пензиски фондови, за називот на друштвото, називот на новиот задолжителен пензиски фонд и им доставува копија од информативниот проспект, статутот на новото друштво и статутот на новиот задолжителен пензиски фонд.

Член 39 - м

(1) Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови може да се присоедини само кон друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

(2) Во случај на присоединување на едно кон друго друштво од ставот (1) на овој член, задолжителниот пензиски фонд, со кој управува друштвото кое се присоединува се присоединува кон задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото кон кое се врши присоединувањето.

(3) Пред присоединување на задолжителните пензиски фондови, друштвото кон кое се врши присоединувањето писмено ги известува сите членови и пензионирани членови на задолжителните пензиски фондови.

(4) Со присоединување на еден кон друг задолжителен пензиски фонд членовите, пензионираните членови и индивидуалните сметки од пензиски фонд кој се присоединува се префрлаат во пензискиот фонд кон кој се присоединува.

(5) Агенцијата поблиску го пропишува начинот на присоединување на друштвата и на задолжителните пензиски фондови.

## ГЛАВА IV
## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 40

(1) Задолжителен пензиски фонд претставува отворен инвестиционен фонд, што се основа и работи согласно со Законот за инвестиционите фондови, доколку со овој закон поинаку не е уредено. Задолжителниот пензиски фонд го сочинуваат придонесите и средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од задолжителниот пензиски фонд.

(2) Сопственици на задолжителниот пензиски фонд се неговите членови и пензионирани членови и нивните поединечни сопственички права се определени од износот на средствата на нивните сметки, согласно со членот 67 на овој закон.

(3) Средствата на задолжителниот пензиски фонд се целосно одвоени од средствата на друштвото кое управува со тој фонд.

Член 41

Со задолжителен пензиски фонд управува друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кое го претставува и застапува задолжителниот пензискиот фонд пред трети лица.

Член 42

Седиштето на задолжителниот пензиски фонд се наоѓа во седиштето на друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд.

Член 43

(1) Називот на секој задолжителен пензиски фонд задолжително ги содржи зборовите "Отворен задолжителен пензиски фонд".

(2) Називот на задолжителниот пензиски фонд не смее да го содржи зборот "Македонија" ниту кратенка или друг збор изведен од тој збор.

Член 44

Средствата на задолжителниот пензиски фонд не можат да бидат предмет на побарувања, ниту врз тие средства може да биде спроведено извршување од страна на, или од името на доверителите на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

Член 45

(1) Статутот на задолжителниот пензиски фонд содржи:

а) податоци за основните принципи и посебни ограничувања при инвестирањето, освен оние пропишани со закон;

б) начинот на пресметување на трансакционите провизии непосредно поврзани со продавање и купување на средствата на задолжителниот пензиски фонд и нивно одбивање од сметките на членовите и пензионираните членови на фондот;

в) одбивања од средствата на задолжителниот пензиски фонд заради плаќање

на надоместоци на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

г) поединости за начинот на водење на сметководството на задолжителниот пензискиот фонд;

д) начин на информирање на членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд и дневниот весник во кој се објавува информативниот проспект на задолжителниот пензиски фонд;

ѓ) податоци за начинот на пресметка и исплата на програмирани повлекувања и

е) други податоци од значење за задолжителниот пензиски фонд.

(2) Агенцијата дава согласност на статутот на задолжителниот пензиски фонд и на секоја негова измена.

## ГЛАВА V
## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 46

(1) Агенција е самостојно и независно регулаторно тело.

(2) Агенцијата има својство на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон и се запишува во Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Орган на Агенцијата е Советот на експерти.

(4) Агенцијата има статут.

(5) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(6) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

(7) Целта на основањето на Агенцијата е заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и доброволните пензиски фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

### Член 47

(1) Агенцијата ги врши следниве работи:

а) спроведува активности за прибирање барања за основање пензиски друштва, издава, повлекува и одзема дозволи за основање на пензиски друштва, издава дозволи за вршење дејност-управување со доброволни пензиски фондови, дозволи за вршење дејност-управување со задолжителни пензиски фондови и издава, повлекува или укинува одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови;

б) врши супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат, а особено го контролира законитото работење на истите;

в) врши супервизија на работењето на правните лица кои се чувари на средствата на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови и на странските менаџери на средства на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд во врска со

работењето со тие средства;

г) го промовира, го организира и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика;

д) ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, вклучувајќи ги и целите, принципите и придобивките од учество во професионална пензиска шема, за правата на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување;

ѓ) дава предлог за покренување на прекршочни и кривични постапки пред надлежен орган против пензиските друштва, чувари на имот на задолжителни и/ или доброволни пензиски фондови, странски менаџери на средства и други лица во случај на повреда на одредбите на овој закон и на други закони;

е) ги следи и ги разгледува финансиските извештаи на задолжителните и доброволните пензиски фондови и на пензиските друштва;

ж) води регистар на агенти, регистар на членови и регистар на пензионирани членови на задолжителни пензиски фондови и регистар на задолжителни и доброволни пензиски фондови;

з) заради обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива на капитално финансираното пензиско осигурување и на финансискиот сектор, соработува со Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и со други органи и институции во земјата и во странство. Обемот, содржината и формата на соработка подетално меѓусебно ги уредува Агенцијата со надлежните органи и институции;

ѕ) соработува со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во делот на овластувањата што му се доверени на тој фонд со овој закон;

и) ги обработува личните податоци согласно прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци;

ј) бара и дава лични податоци на користење согласно прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци;

к) донесува акти согласно овој закон и согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

л) донесува интерни упатства за својата работа и изготвува стручни упатства, прирачници и слично, во врска со капитално финансираното пензиско осигурување;

љ) иницира донесување на прописи и други акти во врска со пензиските друштва и со пензиските фондови со кои тие управуваат;

м) се зачленува и учествува во домашни и меѓународни организации, кога таквото учество е во интерес на македонскиот пензиски систем и

н) врши други работи согласно со овој закон и согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување .

(2) Актите и прописите кои Агенцијата ги донесува согласно овој закон се објавуваат во “Службен весник на Република Македонија”.

Член 48

Агенцијата има активна процесна легитимација и е овластена да учествува, непосредно или посредно, во било која постапка што е покрената против пензиските друштва и против друго лице или лица правно поврзани со пензиските друштва, кога тоа е потребно заради заштитата на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови.

Член 49

(1) До Агенцијата можат да се поднесат поплаки од членови и пензионирани членови на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови или поранешни членови на тие пензиски фондови против пензиските друштва, за дејствија и активности преземени од страна на тие друштва кои не се во согласност со закон и со актите на тие друштва.

(2) До Агенцијата можат да се поднесат поплаки од членови и пензионирани членови на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови против други лица со кои тие пензиски фондови и пензиските друштва имале деловни или договорни односи, во случај кога членот или пензионираниот член верува дека неговите интереси биле оштетени како резултат на кршење на овој закон или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување од тоа лице во поглед на деловните или договорните односи.

(3) Агенцијата може да се обрати до пензиското друштво против кое примила поплака заради разјаснување на случајот, доколку тоа нема да наштети на интересите на подносителот на поплаката.

(4) Агенцијата води евиденција на поплаките против пензиските друштва согласно ставот (3) на овој член и за тоа објавува статистички податоци во својот статистички извештај.

Член 50

(1) Советот на експерти на Агенцијата е составен од пет члена од кои еден е претседател.

(2) Претседателот на Советот на експерти раководи со Агенцијата и ја застапува во односите со трети лица.

(3) Претседателот и четворицата членови на Советот на експерти на Агенцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

(4) Мандатот на членовите на Советот на експерти е пет години, со можност за реизбор.

(5) Доколку постапката за именување на членови на Советот на експерти не е завршена пред истекот на нивниот мандат, членовите чиј мандат е истечен ќе

продолжат да ја вршат својата функција, но не подолго од шест месеци.

(6) Членовите на Советот на експерти можат да бидат разрешени од страна на Собранието на Република Македонија и пред истекот на мандатот, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите предвидени во членот 51 став (3) од овој закон. Доколку член на Советот на експерти биде разрешен пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице до истекот на неговиот мандат.

(7) Претседателот и двајца члена на Советот кои врз основа на предлогот на Владата на Република Македонија од ставот (3) на овој член ги определува Собранието на Република Македонија професионално се ангажирани во Агенцијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок освен плата согласно со општите прописи од работните односи, како и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Член 51

(1) За член на Советот на експерти на Агенцијата може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да е државјанин на Република Македонија;

б) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

в) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

г) да е експерт во областа на пензиското осигурување, економијата, правото, финансиската супервизија, сметководството, пазарот на капитал, осигурувањето и актуарската наука, со работно искуство од најмалку пет години во областа на пензиското осигурување или финансиите.

д) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години, и тоа:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода;
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2)

(2) За член на Советот на експерти на Агенцијата не може да се избере лице:

а) ако му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност;

б) ако му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

в) кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;

г) кое е член на орган на управување, надзорен орган или лице вработено во пензиско друштво, основач на пензиско друштво или друго правно лице над кое супервизија врши Агенцијата;

д) кое е акционер во пензиско друштво во основач на пензиско друштво или друго правно лице над кое супервизија врши Агенцијата и

ѓ) кое е пратеник или лице кое врши друга должност на која е избран од Владата или Собранието на Република Македонија.

(3) Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија, може пред истекот на мандатот за кој е избран, да го разреши претседателот или член на Советот на експерти, ако:

а) самиот го побара тоа;

б) му е одземена деловната способност;

в) не ги почитува забраните од ставовите (6) и (7) на овој член и обврските од членот 55 од овој закон;

г) неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година;

д) грубо ги запоставува работните должности;

ѓ) има долготрајна болест, која го спречува во извршувањето на обврските и

е) повеќе не ги исполнува условите од ставовите (2) и (4) на овој член.

(4) Претседателот и членовите на Советот на експерти се должни својата работа да ја извршуваат професионално и на начин на кој нема да ја доведуваат во прашање независноста и самостојноста на Агенцијата.

(5) Каков било облик на влијание врз работењето на Советот на експерти кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Агенцијата е забранет.

(6) Лицата со посебни овластувања и одговорности, вработени во Агенцијата, кои учествуваат во носењето на одлуките со важно влијание за пензиските друштва, пензиските фондови и членовите мораат да имаат високо образование и работно искуство од најмалку три години во областа на управувањето со задолжителни и доброволни пензиски фондови, економијата, финансиите, сметководството, инвестирањето, осигурувањето, актуарската наука или правото. Вработените во Агенцијата не смеат да бидат членови на органи на пензиските друштва или други правни лица над кои Агенцијата врши супервизија и не смеат да вршат поединечни задачи за тие правни лица.

(7) Претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата за време на траењето на нивниот мандат, односно работен однос не смеат да примаат какви било надоместоци или плаќања, да прифаќаат некаква функција или вработување, или да вршат услуги или да стекнуваат акции во пензиско друштво, основач на пензиско друштво или друго правно лице над кое супервизија врши Агенцијата.

Член 52

(1) За време на вршењето на својата должност, претседателот и членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време и вработените во Агенцијата имаат право на плата и други надоместоци согласно со овој закон општите прописи од работните односи и колективен договор.

(2) Членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани во

Агенцијата имаат право на месечен надоместок и надоместок на други трошоци утврдени со Статутот и другите акти на Агенцијата.

(3) Висината на платата на претседателот може да изнесува најмногу до две просечни бруто-плати, а за членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата може да изнесува најмногу до една и половина бруто-плата исплатени во ноември во претходната година во секторот за финансиски дејности и дејности на осигурување, согласно со податоците на Државниот завод за статистика. Висината на месечниот надоместок на членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани во Агенцијата може да изнесува најмногу до една половина од просечната бруто-плата исплатена во ноември во претходната година во секторот за финансиски дејности и дејности на осигурување, согласно со податоците на Државниот завод за статистика.

(4) Претседателот, членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата имаат право да вршат стручни и научни работи, како и да учествуваат во работата на стручни или научни здруженија.

(5) Вработените во Агенцијата, освен претседателот и членовите на Советот на експерти, кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(6) За прашања кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници во Агенцијата, а кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(7) Вработените во Агенцијата кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-техички персонал.

(8) На помошно-техичкиот персонал во Агенцијата ќе се применуваат општите прописи за работни односи.

(9) Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Агенцијата се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја уредува Советот на експерти."

Член 52-а

(1) Советот на експерти на Агенцијата ги има следниве надлежности:

а) донесува Статут на Агенцијата;

б) донесува деловник за својата работа во согласност со овој закон и Статутот на Агенцијата;

в) донесува акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места на Агенцијата;

г) донесува финансиски план и финансиски извештаи;

д) донесува годишна програма за работа на Агенцијата;

ѓ) усвојува годишен извештај за работата на Агенцијата и годишен извештај за состојбите во капитално финансирано пензиско осигурување;

е) одлучува за висината на платите и месечниот надоместок на претседателот и членовите на Советот на експерти;

ж) одлучува за висината на платите на вработените во Агенцијата;

з) ги оценува вработените во Агенцијата еднаш во текот на годината врз основа на континуирано следење на нивната работа;

ѕ) донесува акти за остварување на правата на вработените кои произлегуваат од работниот однос;

и) издава, повлекува и одзема дозволи за основање на пензиски друштва, издава дозволи за вршење дејност - управување со доброволни пензиски фондови, дозволи за вршење дејност -управување со задолжителни пензиски фондови и издава, повлекува или укинува одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови;

ј) дава одобренија и согласности по барање од пензиските друштва врз основа на закон;

к) донесува акти за спроведување на овој закон и другите закони во негова надлежност;

л) организира и обезбедува законско извршување на активностите од делокругот наАгенцијата и

љ) креира политики и стратегии од областа на управување со човечките ресурси во Агенцијата;

м) донесува годишен план за вработување;

н) донесува годишна програма за обуки;

њ) пропишува кодекс за вработените во Агенцијата и

о) врши други работи утврдени со закон и Статутот на Агенцијата.

(2) Советот на експерти одлучува на седници.

(3) Советот на експерти може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од неговите членови.

(4) Одлуките на Советот на експерти се донесени доколку за истите гласале мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот на експерти не можат да се воздржат од гласање.

(5) Против одлука на Советот на експерти незадоволната страна може да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежен суд. Тужбата не го одложува извршувањето на одлуката.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член против одлука на Советот на експерти за правата од работен однос одлучува Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 53

(1) Заради извршување на своите должности Агенцијата е овластена:

а) да ги добива на увид сите документи на пензиските друштва и електронската евиденција во врска со нивното работење и со работењето на пензиските фондови со кој управуваат;

б) да ги добива на увид сите документи и електронска евиденција од точка а) на овој став од чувар на имот и од странски менаџер на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови;

в) да ги добива на увид сите документи и електронска евиденција од осигурител за начинот на организирање и финансирање на професионалната пензиска шема;

г) да ги добива на увид сите документи и електронската евиденција на Центарот, како и информации од неговиот управител во врска со активностите на Центарот;

д) да добива информации од членови на управен одбор и на надзорен одбор и други лица вработени во субјектите од точка а), б) и в) на овој став во врска со активностите на пензиското друштво, задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд или професионалната пензиска шема;

ѓ) да бара писмени и лично потпишани изјави од лицата наведени во точките г) и д) од овој став.

(2) Претседателот на Советот на експерти може да овласти лице да влезе во службените простории на:

а) пензиско друштво заради контрола и увид во законитоста во работењето на тоа пензиско друштво и на пензискиот фонд со кој управува и контрола на примената на статутот и другите акти на тоа друштво;

б) чувар на имот и странски менаџер на средства заради увид и контрола во законитоста на работењето и во примената на потпишаните договори со односното пензиско друштво; и

в) осигурител заради контрола и увид во законитоста на организирањето и финансирањето на професионалната пензиска шема и

г) Центарот заради увид и контрола во законитоста на работењето.

(3) Пензиското друштво, чуварот на имот, странскиот менаџер на средства и осигурителот должни се на лицето овластено за контрола да му ги стават на располагање сите книги, документи и други евиденции во врска со работењето на пензиското друштво, пензискиот фонд со кој управува тоа друштво, странскиот менаџер на средства, чуварот на имот, како и организирањето и финансирањето на професионалната пензиска шема.

(4) Видот и обемот на контролата се утврдува со решението за контрола што го донесува претседателот на Советот на експерти.

(5) Лицето овластено за контрола изготвува записник и истиот го доставува до Агенцијата. Доколку Агенцијата утврди незаконитости во работењето или во водењето на деловните книги, со решение ќе му наложи на пензиско друштво, на чуварот на имот, на странскиот менаџер на средства, на Центарот или на осигурителот истите да ги отстрани во определениот рок.

(6) Агенцијата поблиску го пропишува начинот на вршење на контролата на пензиските друштва.

53-а

(1) Доколку при вршењето на контролата овластеното лице за контрола утврди дека по прв пат е сторена неправилности од членовите 21-а ставови (3), (4) и (5), 75 став (4), 77 став (7) и 96 на овој закон , должно е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 15 дена од укажувањето и со едновремено врачување на покана за

спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува Агенцијата.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Агенцијата, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на контролата.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилност за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку овластеното лице за контрола при спроведување на контролата утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на контрола.

(8) Доколку овластеното лице за контрола при спроведување на контролата утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган.

(9) Агенцијата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од Агенцијата."

53-б

(1) Согласно член 53 став (5) на овој закон пензиското друштво, чуварот на имот, странскиот менаџер на средства, на Центарот или осигурителот се должни во определениот рок да ги отстранат незаконитостите и да достават известување до Агенцијата за отстранетите незаконитости со приложени докази дека незаконитостите се отстранети или исправени. Доколку пензиското друштво не ги отстрани незаконитостите, Агенцијата може да го укине одобрението за управување со задолжителните и/или доброволните пензиски фондови на тоа друштво.

(2) Доколку Агенцијата при вршењето на контролата во работењето на пензиското друштво и управувањето со задолжителните и/или доброволните пензиски фондови утврди дека постојат работи или дела кои се казниви според закон, претседателот на Советот на експерти или лице овластено од него поднесува пријава за поведување на постапка пред надлежен орган.

Член 53-в

(1) Агенцијата презема мерки и определува рокови за нивно спроведување, доколку пензиско друштво, чувар на имот, орган на управување или надзор или одговорно лице на пензиското друштво не ги почитува прописите и/или интерните акти со кои е уредено работењето на пензиското друштво и нивното управување со средствата на пензиските фондови.

(2) Агенцијата презема мерки поделени во следните групи:

а) Прва група спроведување на едукација, обука, препорака, укажување и предупредување;

б) Втора група донесување на решение за отстранување на незаконитост, порамнување и поведување прекршочна постапка и

в) Трета група одземање на одобрение на член на управен одбор и на пензиско друштво.

(3) При одлучување која мерка ќе ја преземе, Агенцијата се раководи од следното:

а) потенцијалната штета и веројатноста од настанување на незаконитоста и/или неправилноста, односно ризикот од нивно настанување, како и нивното влијание врз стабилноста и сигурноста на пензиските друштва, пензиските фондови и пензискиот систем во целина;

б) влијанието или потенцијалното влијание на мерката на пензиското друштво или на пензискиот фонд во насока на спречување на натамошно влошување на состојбата во пензиското друштво или пензискиот фонд;

в) дали незаконитоста, односно неправилноста била намерна и дали се повторува и

г) подготвеноста на органите на пензиското друштво за отстранување на констатираните незаконитости и/или неправилности.

Член 54

(1) Агенцијата објавува извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија за претходната година, до 30 јуни од тековната година. Извештајот содржи податоци за капитално финансираното пензиско осигурување, оцена на извршувањето на прописите во областа на капитално финансираното пензиско осигурување и други прашања за кои Агенцијата смета дека се од значење за капитално финансираното пензиско осигурување.

(2) Агенцијата поднесува извештај за својата работа за претходната година за усвојување до Собранието на Република Македонија, до 30 јуни во тековната година.

Член 55

(1) Претседателот и членовите на Советот на експерти, вработените во Агенцијата и други лица не смеат да оддаваат или користат за лична употреба никакви информации што ги добиле при вршењето на функциите или овластувањата врз основа на овој закон и кои се класифицирани со соодветен степен на тајност согласно со закон. Информациите треба да се чуваат и пет години по престанокот на функцијата или овластувањето, односно престанокот на работниот однос во Агенцијата.

(2) Обврската за доверливост на информациите не се однесува на случаи во кои тие информации се откриваат врз основа на овластувања утврдени во овој закон и правосилна судска одлука.

(3) Обврската за доверливост на информациите од ставот (1) на овој член не се однесува на случаи кога давањето на информации го врши Агенцијата:

а) врз основа на барање од Министерството за труд и социјална политика или

друго овластено лице од министерот, кога тоа барање е неопходно за извршување на неговите службени задачи;

б) врз основа на барање од домашен или меѓународен орган или организација со цел да се даде помош во извршувањето на функциите на тие органи, доколку се слични на функциите на Агенцијата;

в) во форма на заклучна информација во врска со задолжителните и/или доброволните пензиски фондови или со пензиските друштва, под услов информацијата да е изготвена од страна на овластени лица согласно со овој закон, и заклучокот да е изготвен на начин кој не овозможува откривање на податоци за член и пензиониран член на задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, за работењето на пензиското друштво, на чуварот на имотот, на Центарот или менаџерот на средствата и

г) врз основа на писмена дозвола од пензиското друштво, од членот или од пензионираниот член на кој се однесуваат податоците.

Член 56

(1) Агенцијата, најдоцна до 31 декември во тековната година, доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Македонија. Агенцијата, најдоцна до 30 јуни во тековната година, доставува финансиски извештаи за претходната година ревидирани од надворешен овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди до Собранието на Република Македонија.

(2) Средствата за плата, месечниот надоместок и другите надоместоци на Претседателот, членовите на Советот на експерти и на вработените во Агенцијата се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со годишниот финансиски план.

(3) Работењето на Агенцијата, согласно со овој закон, се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од пензиско друштво, вклучувајќи ги особено следниве:

а) месечен надомест на товар на пензиските друштва најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат;

б) надомест за обрасци на барања и документација кон барањата за дозвола за основање на пензиско друштво и одобрение за управување со пензиски фонд;

в) надомест за дозвола за основање на пензиско друштво, дозвола за вршење дејност-управување со доброволни пензиски фондови, дозвола за вршење дејност-управување со задолжителни пензиски фондови и за одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови;

г) надомест за обезбедување на формулари;

д) надомест за обука и организирање на испит ;

ѓ) надомест за запишување во регистарот на агенти кој не може да биде повисок од административните трошоци на запишувањето;

е) надомест за вршење на услуги и

ж) други надоместоци утврдени од Агенцијата.

(4) Висината на надоместоците од ставот (3) на овој член ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Агенцијата има своја сметка во деловна банка во Република Македонија.

(6) Ревизија на работењето на Агенцијата врши надворешен овластен ревизор.

Член 56-а

(1) Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата во износ определен со финансискиот план на Агенцијата.

(2) Средствата остварени од вишокот приходи над расходи распределени во резервниот фонд на Агенцијата се користат за:

а) промовирање, организирање и поттикнување на развојот на капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија;

б) развивање/надградба на деловните процеси и информатичкиот систем поврзани со членството во задолжителните и доброволните пензиски фондови и со исплатата на пензија и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и

в) надоместување на недостигот на средства доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата направи повеќе трошоци во однос на остварените приходи.

(3) Средствата остварени од вишокот приходи над расходи распределени во резервниот фонд на Агенцијата се чуваат на посебна наменска сметка кај деловна банка во Република Македонија.

Членот 56-б се брише

(член 5 од "Службен весник на Република Македонија" бр.245/2018)

Член 57

Агенцијата, во рамките на своите надлежности, соработува со Министерството за труд и социјална политика заради развој и подобрување на капитално финансираното пензиско осигурување.

## ГЛАВА VI
## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

Член 58

(1) Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2019 година и на датумот на пристапувањето се помлади од 40 години, согласно со членот 118 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се должни да се зачленат и да плаќаат придонеси во задолжителен

пензиски фонд по сопствен избор се додека имаат својство на осигуреник во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Осигурениците од ставот (1) на овој член се должни да се зачленат во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

(3) Член на задолжителен пензиски фонд може слободно да премине и да се зачлени во друг задолжителен пензиски фонд.

(4) Агенцијата е должна да ги информира граѓаните за категориите осигуреници кои се обврзани да се зачленат во задолжителен пензиски фонд, за факторите кои треба да се земат предвид при донесувањето на одлука за избор на задолжителен пензиски фонд и за склучување на договор за членство со друштво кое управува со задолжителен пензиски фонд.

(5) Придонесите на осигурениците кои не се зачлениле во задолжителен пензиски фонд во рокот утврден во ставот (2) на овој член, се чуваат на посебните сметки во задолжителен пензиски фонд во кој се времено распределени согласно со ставот (6) на овој член, до моментот кога осигуреникот станува член на задолжителен пензиски фонд.

(6) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија времено ги распределува осигурениците од ставот (5) на овој член во задолжителен пензиски фонд од денот на нивното пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

(7) При распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови согласно со ставот (6) на овој член, Агенцијата обезбедува бројот на осигурениците кои се распределуваат во секој одделен задолжителен пензиски фонд да се определи според приносот на задолжителниот пензиски фонд и висината на надоместокот од членот 98 став (1) точка а) од овој закон што го наплатува друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд, на датумот што го утврдува Агенцијата.

(8) Осигурениците од ставот (1) на овој член кои нема да потпишат договор за членство во рок три месеци од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, по истекот на тој рок стануваат членови на задолжителниот пензиски фонд во кој биле распределени согласно со ставовите (6) и (7) на овој член.

(9) Агенцијата го пропишува начинот на распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови од ставовите (6) и (7) на овој член.

Член 58-а

(1) Член на задолжителен пензиски фонд кој навршил стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци од навршувањето на стажот на осигурување.

(2) Доколку членот на задолжителен пензиски фонд, во текот на траењето на

рокот од ставот (1) на овој член, не даде писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, по истекот на овој рок му престанува членството во задолжителен пензиски фонд.

(3) По престанокот на членството согласно со ставот (2) на овој член, друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од индивидуалната сметка на членот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

Член 59

(1) Осигуреник стекнува членство во задолжителниот пензиски фонд со потпишување договор за членство со друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд. Друштвото е должно заедно со договорот за членство на осигуреникот да му достави поднесок за раскинување на договорот.

(2) Формата на договорот за членство од ставот (1) на овој член е еднаква за сите членови на задолжителниот пензиски фонд со кој управува тоа друштво.

(3) Агенцијата ја уредува стандардизираната форма на договорот за членство за сите задолжителни пензиски фондови.

(4) Во случај кога осигуреник прв пат потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд и дотогаш не бил член на ниту еден задолжителен пензиски фонд, има право на еднострано раскинување на договорот по пат на писмен поднесок доставен до друштвото во рок од осум работни дена од датумот на потпишувањето на договорот за членство. Во таков случај договорот не произведува правно дејство. Осигуреникот не може да стекне членство во задолжителен пензиски фонд пред истекот на осмиот работен ден од потпишувањето.

(5) Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд веднаш по истекот на рокот од осум работни дена по потпишувањето на договорот за членство од ставот (4) на овој член, воспоставува индивидуална сметка на членот кој го потпишал договорот.

(6) Агенцијата ги утврдува датумите за секоја година на кои осигурениците можат да стекнат членство во задолжителни пензиски фондови и на кои може да се врши пренос на средствата од еден во друг задолжителен пензиски фонд (датум на пренос). Датум на пренос мора да биде датум на проценка. Осигуреник може да стане член на задолжителен пензиски фонд само на тие датуми.

(7) Друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не може да одбие зачленување на осигуреник во задолжителниот пензискиот фонд со кој управува, освен во случај тој осигуреник да не ги исполнува условите пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

(8) Осигуреник во исто време може да биде член само во еден задолжителен пензиски фонд и во тој задолжителен пензиски фонд може да има само една сметка.

(9) Агенцијата може да ги уреди условите под кои откако едно друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови согласно со членот 7 на овој закон може да управува со повеќе од еден задолжителен пензиски фонд, осигуреник по исклучок од ставот (8) на овој член може да биде член на повеќе од еден

задолжителен пензиски фонд, со кои задолжителни пензиски фондови управува исто друштво.

(10) Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за членство во задолжителен пензиски фонд согласно со овој член.

Член 60

(1) Уплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

(2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ја изврши таа обврска.

(3) Доколку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на придонесите поради недостиг на соодветни податоци, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е должен во рок не подолг од три месеци од денот на приемот на придонесите да обезбеди соодветни податоци и да изврши пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови кај чуварот на имот.

(4) Кога придонесите ги пренесува по истекот на рокот од ставот (3) на овој член, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, е должен при пренесувањето на придонесите, да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

(5) Доколку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не изврши распределба на осигурениците од членот 58 став (1) од овој закон во задолжителните пензиски фондови веднаш, но најдоцна во рок од три месеци по нивното пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е должен при распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови и пренесувањето на придонесите да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

(6) Доколку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија изврши погрешно пренесување на придонесот во задолжителен пензиски фонд, на првиот нареден датум на преносот по денот на приемот на известувањето за погрешно пренесениот придонес од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, друштвото го пренесува погрешно пренесниот придонес во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(7) Средствата за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, остварени по основ на ненавремено и нецелосно плаќање на придонес, се пренесуваат

на индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд.

(8) Агенцијата го пропишува начинот на пренесување на придонесите од ставовите (3) и (6) на овој член и начинот на пресметка и уплата на надоместокот од ставовите (4) и (5) на овој член.

Член 61

(1) Член на задолжителен пензиски фонд може да премине и да се зачлени во друг задолжителен пензиски фонд.

(2) Член кој има индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд (постоен задолжителен пензиски фонд) може да стане член на задолжителен пензиски фонд управуван од друго друштво (иден задолжителен пензиски фонд), со потпишување договор за премин со друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд согласно со членот 59 на овој закон, потпишување изјава за согласност за премин и плаќање надоместок согласно со членот 98 став (1) точка в) од овој закон.

(3) Друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд е должно да изврши проверка дали се исполнети условите од ставот (2) на овој член и да го запише членот во Регистарот на членови.

(4) Членството во идниот задолжителен пензиски фонд започнува на првиот нареден датум за пренос на средствата.

(5) Агенцијата ја пропишува содржината на договорот за премин во задолжителен пензиски фонд и изјавата за согласност за премин во задолжителен пензиски фонд.

Членот 62 се брише
(член 8 од “Службен весник на Република Македонија” бр.245/2018)

Член 63

(1) Во случај на преминување на членот од еден во друг задолжителен пензиски фонд согласно со членот 61 на овој закон, средствата на тој член се пренесуваат од постојниот во идниот задолжителен пензиски фонд на првиот нареден датум на пренос.

(2) Средствата што се предмет на пренесување се состојат од износот на сметката на членот на задолжителниот пензиски фонд на датумот на пренос.

(3) Друштвото кое управува со постојниот задолжителен пензиски фонд го известува друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд за придонесите на членот уплатени во постојниот задолжителен пензиски фонд, за пренесените средства за тој член и за придонесите на тој член што ги уплатувал во задолжителните пензиски фондови во кои членувал во минатото.

(4) Агенцијата поблиску го уредува преносот на средствата меѓу задолжителните пензиски фондови со кои управуваат различни друштва и видот на податоците што се доставуваат согласно со ставот (3) на овој член.

Член 64

Доколку членот на еден задолжителен пензиски фонд престане да уплаќа придонеси во задолжителниот пензиски фонд пред пензионирањето, тој продолжува да биде член на задолжителниот пензиски фонд сé до смртта или до неговото пензионирање и ги има истите права како другите членови на тој фонд врз основа на овој закон, вклучувајќи го и правото на преминување, согласно со членот 63 на овој закон.

Член 64-а

(1) Агенцијата може да поништи регистрација на член на задолжителен пензиски фонд во регистарот на членови доколку:

а) регистрацијата е заснована на неточни податоци;

б) врз основа на судска одлука или

в) во други случаи кои не се во согласност со закон.

(2) Агенцијата може да поништи регистрација на пензиониран член на задолжителен пензиски фонд во регистарот на пензионирани членови доколку:

а) регистрацијата е заснована на неточни податоци;

б) врз основа на судска одлука или

в) во други случаи кои не се во согласност со прописите кои го уредуваат пензиското и инвалидското осигурување и капиталното финансирано пензиско осигурување.

(3) Кога осигуреник погрешно е распределен во задолжителен пензиски фонд од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето за погрешно распределување од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од сметката на погрешно распределениот осигуреник во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

(4) Агенцијата го пропишува начинот на пренос на средствата од ставот (3) на овој член.

Член 65

(1) Кога член на задолжителниот пензиски фонд ќе стекне право на инвалидска пензија, согласно со членот 122 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, преку Агенцијата, веднаш го известува друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд дека членот стекнал право на инвалидска пензија. На првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето друштвото е должно да ги префрли средствата од сметката на тој член во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, освен во случаите утврдени со членот 90 на овој закон.

(2) Во моментот на пренос на средствата согласно со ставот (1) на овој член, друш-

твото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд е должно да го идентификува членот чии средства се пренесуваат, да достави копија од известувањето за извршеното пренесување на средствата до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат и на времено распределените осигуреници од членот 58 став (5) на овој закон.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога членот или времено распределениот осигуреник ќе стекне право на времена инвалидска пензија согласно со членот 130 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување, времената инвалидска пензија ја исплаќа Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, а средствата од индивидуалната сметка на членот остануваат во задолжителниот пензиски фонд се додека членот не оствари право на старосна, инвалидска или семејна пензија.

Член 66

(1) Во случај на смрт на член на задолжителен пензиски фонд чии членови на семејството имаат право на семејна пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија преку Агенцијата веднаш го известува друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд, за смртта на тој член. На првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од сметката на починатиот член во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, освен во случаите утврдени со членот 91 на овој закон.

(2) На денот на пренос на средствата согласно со ставот (1) на овој член, друштвото е должно да го идентификува починатиот член чии средства треба да се пренесат. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

(3) Во случај кога починатиот член на задолжителен пензиски фонд нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, средствата од сметката на тој член стануваат дел на оставинска маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно со Законот за наследување. До тогаш сметката на членот останува отворена и тие средства се претвораат во сметководствени единици и се инвестираат на еднаков начин како и другите средства на задолжителниот пензиски фонд, од страна на друштвото. По извршениот пренос на средствата друштвото ја затвора индивидуалната сметка на починатиот член.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член соодветно се применуваат и на времено распределените осигуреници од членот 58 став (5) на овој закон.

(5) Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за пренос на средствата во случаите од ставовите (1) и (3) на овој член и член 65 од овој закон, како и видот и форматот на податоците кои се разменуваат меѓу институциите и лицата вклучени во постапката.

Член 66-а

(1) Вкупниот износ на средства од сметката на членот на задолжителниот пензиски фонд на кој му престанува членството поради промена на основот на осигурување согласно со членот 118 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се пренесуваат во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, по истекот на рокот од 90 дена од денот на промената на основот на осигурување на членот на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за пренос на средствата од став (1) на овој член.

Член 67

(1) Средствата од сметката на членот на задолжителниот пензиски фонд се дел од неговиот личен имот. Правата на користење и на располагање со тие средства не можат да се остварат сé до денот на неговото пензионирање, смрт или инвалидност согласно со овој закон.

(2) Над средствата од индивидуалната сметка на член на задолжителен пензиски фонд не може да се спроведе извршување, ниту може тие средства да се користат во постапка на порамнување или стечај.

(3) Средствата на сметката на член на задолжителен пензиски фонд не можат да се даваат во залог, асигнација или да се пренесуваат во полза на трети лица, освен кога тоа е изречно допуштено со овој закон. Правните дела во врска со овој став се ништовни.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член соодветно се применуваат и на средствата на индивидуалната потсметка на посебната сметка во задолжителен пензиски фонд од членот 68 став (2) на овој закон, како и на средствата на индивидуалната сметка на пензиониран член.

Член 68

(1) Придонесите за кои Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не може да утврди на кого припаѓаат се чуваат на неидентификуваната сметка во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија додека не се утврди сопственоста на тие средства. Придонесите уплатени во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за кои има недоследности за придружните податоци, се чуваат на нераспределената сметка со индивидуални потсметки во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, е должен во рок не подолг од три месеци од денот на приемот на придонесите да обезбеди соодветни податоци и да изврши пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови кај чуварот на имот.

(3) Кога придонесите ги пренесува по истекот на рокот од ставот (2) на овој член, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, е должен при

пренесувањето на придонесите, да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

(4) Посебната сметка во задолжителниот пензиски фонд се состои од индивидуални потсметки за секој осигуреник и средствата на оваа сметка се собрани од придонеси согласно со ставот (5) од член 58 на овој закон. Овие средства, се претвораат во сметководствени единици и се инвестираат на еднаков начин како и другите средства на задолжителниот пензиски фонд, од страна на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

(5) Агенцијата поблиску ги уредува:

а) постапката на депонирање и повлекување на средствата на тие сметки;

б) надоместоците што ги наплатуваат друштвата или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови во врска со средствата на тие сметки;

в) начинот на распоредување на приносите од тие средства на сметките на членовите на задолжителните пензиски фондови;

г) начинот на пренесување на придонесите и начинот на пресметка и уплата на надоместокот од ставот (3) на овој член;

д) известувањата и податоците што треба да се доставуваат и

ѓ) други прашања во врска со уплатените придонеси, а непренесени во соодветен задолжителен пензиски фонд.

## ГЛАВА VII
## ФУНКЦИИ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

### Член 69

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во единствена постапка на собирање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за потребите на задолжително капитално финансираното пензиско осигурување ги врши следниве работи:

а) ги прима придонесите за членовите на задолжителните пензиски фондови од обврзниците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување;

б) секој работен ден врши срамнување на придонесите со податоците добиени од Управата за јавни приходи и утврдените податоци во евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;

в) времено ги распределува осигурениците во задолжителен пензиски фонд согласно со членот 58 ставови (6) и (7) од овој закон.

г) ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови кај чуварот на имот, веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ја

изврши таа обврска. Доколку овие услови не се исполнети, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија постапува согласно со членот 68 став (1) на овој закон;

д) доставува податоци преку Агенцијата на друштвата или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови во врска со извршениот пренос на придонесите согласно точка в) на овој став.

ѓ) води потполна и ажурна евиденција за индивидуалните сметки на членовите од која се гледа состојбата на придонесите уплатени за членовите во секој задолжителен пензиски фонд;

е) прима податоци од Агенцијата за членовите на задолжителните пензиски фондови и за задолжителните пензиски фондови што тие ги избрале, согласно со овој закон;

ж) води и одржува база на податоци утврдени со овој член и врши месечно срамнување на тие податоци и

з) подготвува и доставува до Агенцијата редовни збирни извештаи на барање на Агенцијата, заради извршување на нејзините функции.

Член 70

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги пропишува начинот и постапката на извршување на функциите на Фондот, утврдени во членот 69 на овој закон, по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

Член 70-а

(1) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија наплатува надоместок за вршење на работите што му се утврдени со овој закон.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член претставува месечен надомест на товар на пензиските друштва во износ од 0,1% од секој уплатен придонес во претходниот месец во задолжителните пензиски фондови со кои управуваат.

Член 71

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е должен да обезбеди и одржува компјутерски софтвер за распределба и пренесување придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови и за распределба на осигурениците во задолжителните пензиски фондови согласно со членот 58 ставови (6) и (7) од овој закон.

Член 72

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија соработува со Агенцијата, друштвата или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и со други надлежни органи заради обезбедување на ефикасно функционирање на пензиското и инвалидското осигурување.

Член 73

(1) Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работењето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за функциите доделени со овој закон.

(2) Министерството за труд и социјална политика може да запре извршување на акт на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија доколку смета дека истиот не е во согласност со овој закон или дека е противуставен.

## ГЛАВА VIII
## МАРКЕТИНГ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 74

(1) Никој не смее на друго лице да нуди било какви подароци со цел да го наведе да се зачлени или да склучи договор за програмирани повлекувања во некој задолжителен пензиски фонд или да остане член или пензиониран член во некој задолжителен пензиски фонд.

(2) Никој не смее на друго лице да нуди било какви подароци со цел да го наведе да присуствува или да остане на места каде што се врши маркетинг на задолжителен пензиски фонд.

(3) Никој не смее да нуди било какви подароци на работодавец или на со него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, да се зачленат во некој задолжителен пензиски фонд.

(4) Никој не смее да нуди било какви подароци на синдикат или друга организација, колективно тело или на лица поврзани со таа организација или тело, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, да се зачленат во некој задолжителен пензиски фонд.

(5) Подарок во смисла на овој член значи, но не се ограничува на парични награди, плаќање на паричен надомест за предвремено прекинување на членство или раскинување на договор за програмирани повлекувања од друг задолжителен пензиски фонд, подарување на подвижни и недвижни ствари, уметнички дела, организирање изложби или претстави, или други сторувања кои вообичаено треба да се платат, освен оние плаќања кои непосредно произлегуваат од правата на членовите и пензионираните членови на задолжителен пензиски фонд.

Член 75

(1) Лицата од ставот (3) на овој член не смеат да даваат погрешни и неточни информации за задолжителен пензиски фонд или за друштвото кое управува со тој фонд или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите и пензионираните членови на задолжителен пензиски фонд, лицата кои имаат право да станат членови и пензионирани членови на задолжителен пензиски фонд и лицата кои во иднина би имале право да станат членови на задолжителен пензиски фонд, ниту со усни изјави, пишан материјал, преку оглас и било каков друг рекламен материјал.

(2) Лицата од ставот (3) на овој член не смеат да даваат никакви изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати на задолжителен пензиски фонд, на членовите и пензионираните членови на тој фонд и на лицата кои би можеле да се зачленат или да склучат договор за програмирани повлекувања во тој фонд во иднина, освен изјави во форма и постапка пропишана од Агенцијата.

(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член се:

а) задолжителни пензиски фондови, друштва за управување со задолжителни пензиски фондови и друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

б) поврзани лица со лицата од точка а) на овој став и

в) агенти или вработени во друштвата и друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и во поврзаните лица.

(4) Друштвото кое управува со задолжителен пензиски фонд е должно да го достави до Агенцијата, во фотокопија или на содветен надворешен медиум, објавениот материјал за маркетинг во рок од три дена по неговото објавување. Агенцијата донесува упатства за содржината на рекламите и за другиот материјал за маркетинг на задолжителните пензиски фондови и на друштвата кои управуваат со нив

(5) Доколку Агенцијата смета дека некоја реклама или друг пишан материјал може да предизвика заблуда, може со решение да го забрани понатамошното објавување или дистрибуција и да нареди објавување на измена на тој материјал во рок кој самата ќе го определи.

Член 75-а

(1) Лицето одговорно за маркетинг е одговорно за рекламирање на работењето на друштвото и задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува и информирање поврзано со задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, согласно закон.

(2) Лицето одговорно за контрола на агенти е должно да врши контрола над активностите на агентите поврзани со зачленување и премин на членови од еден во друг задолжителен пензиски фонд и склучување на договори за програмирани повлекувања.

Член 76

(1) Друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да врши работи на маркетинг на задолжителен пензиски фонд во своите простории и во простории на неговите деловни соработници за маркетинг. Просторијата треба да ги исполнува следните услови:

а) да има најмалку еден агент;

б) да има одговорно лице за вршење работи на маркетинг на друштвото кое управува со задолжителен пензиски фонд, кое може да биде вработено во деловниот соработник и

в) да обезбедува соодветен простор за вршење на работи на маркетинг на друштвото кое управува со задолжителен пензиски фонд.

(2) Деловен соработник за маркетинг од став (1) на овој член може да биде банка

или друштво за осигурување. Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно со деловниот соработник да склучи договор за вршење на работите на маркетинг на задолжителен пензиски фонд во просториите на деловниот соработник.

(3) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е одговорно за исполнување на условите од став (1) на овој член.

(4) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови на последниот работен ден од кварталот доставува до Агенцијата листа на просториите на деловните соработници за маркетинг која покрај називот содржи адреса и одговорно лице.

Член 77

(1) Друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да склучи договор за членство, договор за премин или договор за програмирани повлекувања со физичко лице само преку свој агент.

(2) Агентот задолжително присуствува при склучувањето на договорот за членство, на договорот за премин или на договорот за програмирани повлекувања и е должен да го потпише таквиот договор.

(3) Работи на маркетинг на задолжителни пензиски фондови може да врши лице по неговото запишување во регистарот на агенти. Агентот е должен сите контакти со членот, со пензионираниот член или со лицата кои имаат право да станат членови или да склучат договор за програмирани повлекувања да ги врши лично и не смее да склучува договори преку друго лице.

(4) Агентот може да врши работи на маркетинг на задолжителни пензиски фондови со кои управува само едно друштво. Агентот е должен одново да се регистрира, за да врши во иднина работи на маркетинг на задолжителни пензиски фондови со кои управува друго друштво.

(5) Повторното регистрирање од ставот (4) на овој член не може да се изврши пред истекот на една година од датумот кога тоа лице престанало да биде агент на некое друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, освен ако лицето престанало да биде агент на тоа друштво поради одземање на дозволата на тоа друштво.

(6) Во регистарот на агенти може да биде запишано лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да е државјанин на Република Македонија или ако е странец да има регулиран статус на странец во Република Македонија согласно со закон.;

б) да не му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во областите на економијата, финансиите, осигурувањето, банкарството и правото;

в) да има завршено најмалку средно образование;

г) да положило испит за агенти пред Агенцијата и

д) да не е вработено во: Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за

вработување на Република Македонија, Управата за јавни приходи и агенции за привремени вработувања.

(7) Агенцијата е должна да запише лице во регистарот на агенти во рок од еден месец од приемот на уредното барање, под услов да ги исполни условите од ставот (6) на овој член. Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да поднесе барање од име на агентот за негово запишување во регистарот на агенти, доколку лицето ги исполнува условите и да достави барање за бришење на агентот од регистарот на агенти доколку не исполнува некој од условите од ставот (6) на овој член.

(8) Службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето по службена должност да ги побара доказите за исполнетост на условите од ставот (6) точките а), б), г) и д) на овој член од надлежниот јавен орган.

(9) Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно да ги достави бараните докази од ставот (8) на овој член во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(10) Агенцијата спроведува постапка за бришење од регистарот на агенти на агент кој не ги почитува одредбите на овој закон и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Претседателот на Советот на експерти донесува решение за бришење на агент против кое агентот може да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

(11) Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за полагање на испитот за стекнување својство на агент и начинот и постапката за запишување на лицето во регистарот на агенти.

(12) Агенцијата им издава уверение за стекнување својство агент на лицата кои ќе го положат испитот. Формата и содржината на уверението ја пропишува Агенцијата.

(13) На лицето избришано од регистарот на агенти согласно став (8) од овој член нема да му дозволи повторно запишување во регистарот, во рок од три години од датумот на бришењето.

Член 77-а

(1) Испит за агент се полага заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на работи на маркетинг на пензиски фондови.

(2) Испит за агент може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:

-да е државјанин на Република Македонија,

-да има живеалиште во Република Македонија,

-да има завршено најмалку средно образование и

-со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната.

(3) Службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето по службена должност да ги побара

доказите за исполнетост на условите од ставот (2) алинеи 1 и 4 на овој член од надлежниот јавен орган.

(4) Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно да ги достави бараните докази од ставот (3) на овој член во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Член 77-б

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Вториот дел на испитот се состои од:

- практичен пример и

- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Член 77-в

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесува Агенцијата.

Член 77-г

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од членот 77-ѕ од овој закон ги изготвуваат професори од соодветната област и/или стручни лица од некоја од следниве области: пензиско осигурување, управна постапка, пазар на капитал и актуарство определени од Агенцијата.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Комисија за верификација на прашања составена од тројца претставници од Агенцијата.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од член 77-ѕ од овој закон најмалку двапати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата од ставот (2) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од член 77-ѕ од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, Комисијата од ставот (2) на овој член, одлучува најмалку 30% од прашањата и базите на практични примери да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите од членот 77-ѕ од овој закон.

(6) Професорите и лицата од ставот (1) на овој член и членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува Агенцијата.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на две просечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

(9) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Агенцијата за што Советот на експерти определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од Агенцијата.

(10) На одговорното лице од став (9) на овој член за секоја спроведен испит за агент му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Советот на експерти донесува решение.

### Член 77-д

(1) Испитот за агент се спроведува најмалку два пати годишно.

(2) Барањето за полагање на испит пензиското друштво го поднесува до Агенцијата заедно со докази за исполнување на условите за полагање на испитот, пропишани со овој закон.

(3) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(4) Доколку кандидатот не ги исполнува условите за полагање на испит Агенцијата донесува решението за одбивање на барањето за полагање на испитот против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

### Член 77-ѓ

(1) Испитот за агент се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот, пензиското друштво и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на

испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Агенцијата и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Агенцијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Агенцијата.

(4) Критериумите за просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги поблиску ги пропишува Агенцијата.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни тројца претставници од Агенцијата од кои еден е информатичар.

(6) На претставниците од став (5) на овој член за секоја одржан испит им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Советот на експерти донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитот за агент.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Агенцијата најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитот за агент.

Член 77-е

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот, претставник од Агенцијата го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 77-ѓ став (5) од овој закон, доколку има технички проблем

со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на испит во траење од три години, за што Агенцијата донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записник за полагање на испит.

(9) Овластените претставници од членот 77-ѓ став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 77-ж

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува претседателот на Советот на експерти на Агенцијата по барање на пензиското друштво. Барањето се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако пензиското друштво не поднесе барање за продолжување на полагање на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не е положен.

(4) Против решението од став (2) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 77-з

(1) Испитот започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку пет дена по успешното полагање на

првиот дел.

(3) Агенцијата поблиску го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

(4) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмногу 50 прашања со пет опции за заокружување од кои едната е точна, две се слични, едната не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(5) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандитатот да го положи првиот дел од испитот.

(6) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (5) на овој член, ќе се смета дека испитот не го положил.

(7) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.

(8) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од соодветната област и имаат пет можни опции на одговори од кои едната е точна, три се слични и две се различни.

(9) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 77-ѕ

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5)Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 30 практични примери за секоја област за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

(8) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Член 77-и

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот, претставник на Агенцијата му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 77-ѕ од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 77-ѕ став (5) од овој закон, од базите од членот 77-ѕ став (6) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Агенцијата дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

(5) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 77-ѕ од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(6) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(7) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (6) на овој член, испитот се презакажува за друг термин.

(8) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(9) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(10) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секоја од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

Член 77- ј

(1) На кандидатите кои го положиле испитот за агенти им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член ги пропишува Агенцијата.

(3) На барање на кандидатот Агенцијата го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит со овозможување непосреден увид во тестот.

(4) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(5) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат воАгенцијата .

(6) Комисијата од член 77-г став (2) од овој закон врши ревизија на одржаните испити.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член се состанува по секој одржан испит и врши ревизија на спроведување на испитот, за што доставува извештај до претседателот на Советот на експерти.

(8) На членовите на комисијата од ставот (6) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Советот на експерти донесува решение.

(9) Доколку Комисијата од ставот (6) на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на член 77-е став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од ставот (1) на овој член.

(10) Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата од ставот (6) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.

(11) Против решението од ставот (10) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 77 - к

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси пензиското друштво.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член ги определува Советот на експерти на Агенцијата врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Агенцијата.

(4) Доколку трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Агенцијата, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

(5) Доколку кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 78

(1) Доколку вработен, претставник, агент или поврзано лице на друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови изврши влијание на член или на пензиониран член да го раскине договорот со друго друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и да склучи договор со друштвото кое го застапува или претставува, мора да им даде

приоритет на интересите на тој член наспроти личните или интересите на друштвото.

(2) Во случај друштво кое управува со задолжителен пензиски фонд преку свој вработен, претставник, агент или поврзано лице со тоа друштво, да изврши влијание на лице од машки пол постаро од 50 години или на лице од женски пол постаро од 45 години да се зачлени во задолжителен пензиски фонд, друштвото мора да е во состојба да докаже дека во времето на склучување на договорот за членство, не можело разумно да се претпостави дека членувањето на тоа лице во тој задолжителен пензиски фонд е во спротивност со неговите интереси.

(3) Под личен контакт во смисла на став (1) од овој член се подразбира лична средба, телефонски разговор или лично адресирана кореспонденција меѓу вработено лице, претставник или агент на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и лицето во прашање или друго со него поврзано лице.

Член 79

(1) Се забранува примената на постапки на маркетинг на задолжителни пензиски фондови што се спротивни на јавниот морал и што можат да наштетат на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

(2) Се забранува лице со посебни овластувања и одговорности на вработен да му рекламира задолжителен пензиски фонд.

Член 80

Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за маркетинг на задолжителните пензиски фондови.

ГЛАВА IX
РАБОТЕЊЕ СО СМЕТКИ И ПРОЦЕНКА
НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

Член 81

(1) Придонесите, пренесените средства и сите приноси од нивното инвестирање се распоредуваат на индивидуални сметки кои гласат на име на членовите и пензионираните членови на задолжителните пензиски фондови.

(2) Евиденцијата на индивидуалните сметки во задолжителниот пензиски фонд ја води друштвото кое управува со тој фонд.

Член 82

(1) За евиденција на индивидуалните сметки и средствата на задолжителните пензиски фондови се користат сметководствени единици.

(2) При вршењето на процена, една сметководствена единица претставува пропорционален дел во вкупните нето средства на тој задолжителен пензиски фонд.

(3) Вредноста на вкупниот број сметководствени единици на задолжителниот пензиски фонд секогаш е еднаква на вкупната вредност на нето средствата на тој фонд, пресметана согласно со членот 83 на овој закон.

(4) Средствата од ставот (1) на овој член можат да се претворат и во делови од сметководствена единица, а вредноста на средствата од индивидуалната сметка на членот и на пензионираниот член на задолжителниот пензиски фонд исто така, може да се изрази во дел од сметководствена единица.

Член 83

(1) Вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд се утврдува врз основа на пазарната вредност на секое поединечно средство.

(2) Вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд се утврдува со намалување на обврските на задолжителниот пензиски фонд, освен обврските кон членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд, од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Начинот на процена на средствата на задолжителните пензиски фондови и пресметување на вредноста на нивните нето средства поблиску го пропишува Агенцијата.

Член 84

(1) Претворањето на средствата од придонесите во сметководствени единици се врши на претходно утврдени датуми (датуми на процена), врз основа на вредноста на сметководствените единици на тој датум. Датумот на процена секогаш е во последниот работен ден секој месец. Агенцијата пропишува пократки рокови на датум на процена, доколку капитално финансираното пензиско осигурување и финансискиот пазар наметнуваат потреба.

(2) Вредноста на една сметководствена единица на првиот датум на процена по првата уплата на придонеси во задолжителен пензиски фонд поблиску ја пропишува Агенцијата.

(3) Сé до претворањето на придонесите во сметководствени единици, истите се чуваат на посебна сметка на задолжителниот пензиски фонд. Каматата на тие средства претставува приход на задолжителниот пензиски фонд.

Член 85

(1) Вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд се пресметува на секој датум на процена, за што веднаш се известува Агенцијата.

(2) На секој датум на процена се пресметува и вредноста на сметководствената единица на тој задолжителен пензиски фонд, за што друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови веднаш ја известува Агенцијата.

(3) Пресметките од ставовите (1) и (2) на овој член ги врши друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, а ги потврдува чуварот на имот.и тие се предмет на контрола на Агенцијата.

(4) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ја промени проценетата вредност за одредена хартија од вредност по барање на Агенцијата доколку таа при контролата утврди дека тоа друштво при проценката користело несоодветно пресметана цена за хартијата од вредност или објективната вредност не одговара на вистинската состојба на пазарот, како и кога се загрозени интересите на членовите и пензионираните членови.

Член 86

(1) Друштво кое управува со задолжителен пензиски фонд е должно, на крајот на јуни и декември секоја година, да го утврди приносот во номинален и реален износ за претходните 84 месеци, согласно ставот (2) на овој член. Доколку задолжителниот пензиски фонд не примал придонеси во период од 84 месеци, но примал во период од 12 месеци, на крајот на јуни односно декември, ќе се утврди приносот за периодот од првиот јуни односно декември по основањето на фондот до крајот на јуни односно декември кога се прави пресметката. Податоците за приносот друштвото ги доставува до Агенцијата.

(2) Приносот на задолжителниот пензиски фонд во номинален износ е еднаков на промената на вредноста на сметководствената единица на последниот датум на проценка од ставот (1) на овој член во однос на вредноста на сметководствената единица на последниот датум на проценка од почетниот месец од ставот (1) на овој член. Приносот на задолжителниот пензиски фонд во реален износ се пресметува врз основа на приносот на задолжителниот пензиски фонд во номинален износ и нивото на трошоците на живот во истиот период за кој се пресметува приносот, објавени од Државниот завод за статистика на Република Македонија. Износот на приносите се изразува во проценти.

Член 87

Агенцијата поблиску ги уредува:

а) Методологијата на пресметување на приносот на задолжителните пензиски фондови и методите за заокружување на тие вредности.

б) Датумот на кој друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ја извести Агенцијата за вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд, прецизната методологија за утврдување на датумите на крајот на јуни и декември со чија состојба ќе се прават пресметките, методологијата за процената, вредноста на сметководствената единица, приносот на односниот задолжителен пензиски фонд и за начинот на таквото известување.

Член 88

(1) Сметководството на друштвата и на задолжителните пензиски фондови се врши во согласност со законите и со меѓународните сметководствени стандарди.

(2) Агенцијата поблиску го пропишува сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи, дополнителните извештаи за задолжителните пензиски фондови, како и содржината на одделните сметки во сметковниот план за задолжителните пензиски фондови.

(3) Агенцијата поблиску ја пропишува формата и содржината на финансиските извештаи на друштвата.

## ГЛАВА X
## ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ

### Член 89

(1) Кога член на задолжителниот пензиски фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот, за:

а) купување на пензиски ануитет кој се исплаќа до крајот на животот од друштво за осигурување овластено за оваа цел или

б) програмирани повлекувања обезбедени од друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд со кое членот ќе склучи договор за програмирани повлекувања или

в) комбинација на опциите наведени во точките а) и б) од овој став.

### Член 90

(1) Доколку пресметаната пензија на член на задолжителен пензиски фонд е поголема или еднаква од износот потребен за исплата на инвалидската пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, членот на задолжителниот пензиски фонд може наместо таа инвалидска пензија да избере вид на исплата од членот 89 од овој закон.

(2) Доколку пресметаната пензија на член на задолжителен пензиски фонд е поголема или еднаква од износот потребен за исплатата на семејната пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, корисникот на семејната пензија може наместо таа семејна пензија да избере вид на исплата од членот 89 од овој закон.

### Член 91

Постапката за споредба на износите на пензии од членот 90 на овој закон се прави согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

### Член 92

(1) Кога член на задолжителен пензиски фонд нема да стекне право на старосна

пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, заради тоа што нема навршено пензиски стаж најмалку 15 години, може да купи месечен пензиски ануитет доколку износот на ануитетот е еднаков или поголем од 40% од најнискиот износ на пензија.

(2) Кога пресметаниот износ на пензискиот ануитет од ставот (1) на овој член е помал од 40% од најнискиот износ на пензија, задолжителниот пензиски фонд на членот наеднаш ќе му ги исплати акумулираните средства на неговата сметка.

(3) Купувањето пензиски ануитет и исплата на акумулираните средства согласно ставовите (1) и (2) на овој член може да се изврши по навршување на 65 години на живот.

Член 93

Обезбедувањето на пензиски ануитети и програмирани повлекувања се вршат согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

## ГЛАВА XI
## ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 94

(1) Секое друштво или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да има информативниот проспект за задолжителен пензиски фонд со кој управува. Информативниот проспект содржи целосни, точни и објективни податоци за задолжителниот пензиски фонд и друштвото кое управува со тој фонд, кои се потребни потенцијалниот член да донесе одлука за зачленување во задолжителниот пензиски фонд и потенцијалниот пензиониран член да склучи договор за програмирани повлекувања, и тоа:

а) назив и седиште на друштвото и фондот со кој управува;

б) имињата на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор на друштвото;

в) имињата и адресите на акционерите и нивното учество во основната главнина на друштвото;

г) назив и седиште на чуварот на имот и податоци за евентуални промени на чуварот на имот направени претходната година и причините за таквите промени;

д) податоци за ревизорот на задолжителниот пензиски фонд и друштвото;

ѓ) основните принципи на инвестирањето за периодот од ставот (2) на овој член и самоограничувањата при инвестирањето освен ограничувањата утврдени во овој закон;

е) одговорност при носење на инвестициони одлуки;

ж) надоместоци, провизии и сите други трошоци што се наплатуваат од членовите и од пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд;

з) начин на зачленување, склучување на договор за програмирани повлекувања

и договор за премин;

ѕ ) начин на известување на членовите и на пензионираните членови;

и) право на пензија;

ј) портфолиото на задолжителниот пензиски фонд;

к) бројот на членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд;

л) нето вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд; и

љ)други податоци за работењето на друштвото и управувањето со задолжителниот пензиски фонд што може да ги пропише Агенцијата заради обезбедување на транспарентност.

(2) Информативниот проспект од став (1) на овој член друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да го објави најдоцна до 31 март секоја тековна година, со состојба на 31 декември претходната година, на веб страната на друштвото и во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуира на целата територија на Република Македонија.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во рок од 15 дена од уписот на задолжителниот пензиски фонд во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови, друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да го објави информативниот проспект со податоци од ставот (1) точки а), б) в), г), д), ѓ), е), ж), з), ѕ), и) и љ) на овој член.

(4) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ги достави, по барање од член или од пензиониран член на задолжителниот пензиски фонд, информативниот проспект и статутот на задолжителниот пензиски фонд со кој управува и истите да ги даде на увид на секое лице кое ќе се пријави за членство или ќе сака да склучи договор за програмирани повлекувања во задолжителниот пензиски фонд со кој управува тоа друштво.

(5)Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно, по барање од лице, да го извести дали е член на задолжителниот пензиски фонд со кој управува, како и за правата кои произлегуваат од членството.

Член 95

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно редовно, а најмалку еднаш годишно да ги информира во писмена форма членовите на задолжителниот пензиски фонд за состојбата на средствата на нивните индивидуални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици. Ова известување, по претходна согласност од членот, наместо во писмена форма може да се доставува и во електронска форма.

(2) По барање од член на задолжителен пензиски фонд, во секое време, друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е

должно во рок од осум работни дена од приемот на таквото барање, на членот да му достави известување за вредноста на средствата на неговата сметка.

(3) Најмалку еднаш годишно, друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да достави податоци до секој член на задолжителен пензиски фонд со кој тоа управува за вредноста и учеството на средствата на задолжителниот пензиски фонд инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена заклучно со 31 декември секоја година. Обврската за давање податоци за издавачите на хартии од вредност се однесува на вложувања во хартии од вредност кои претставуваат најмалку 1% во вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Исто така, друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да достави податоци за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги платиле друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и неговите странски менаџери на средства на задолжителниот пензиски фонд, во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица на тој фонд. Ова известување, по претходна писмена согласност од членот, наместо во писмена форма може да се доставува и во електронска форма

(4) Податоците од ставовите (1) и (3) на овој член се доставуваат до членовите на задолжителниот пензиски фонд бесплатно. Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да наплати надоместок за известувањето од ставот (2) на овој член, но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци.

(5) Податоците од ставовите (1) и (3) на овој член се доставуваат по потреба и во пократки временски периоди определени од Агенцијата. Агенцијата поблиску ги пропишува видот и периодот на кој се однесуваат податоците, начинот и формата на прикажување на истите и постапката за нивно доставување.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член соодветно се применуваат и на пензионираните членови.

Член 96

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно на Агенцијата да и ги доставува следниве информации:

а) тримесечни неревидирани и годишни неревидирани и ревидирани финансиски извештаи за друштвото заедно со бруто биланс;

б) тримесечни неревидирани основни финансиски извештаи и дополнителни извештаи и годишни неревидирени и ревидирани финансиски извештаи и дополнителни извештаи за задолжителниот пензиски фонд заедно со бруто биланс;

в) подетални податоци за стекнување и пренос на средствата на задолжителниот пензиски фонд со наведување на секое поединечно средство, датумот и цената на трансакцијата и правното лице кое ја врши услугата со хартиите од вредност;

г) податоци за трошоците за Агенцијата, чуварот на имот, трансакции, маркетинг, агенти и другите трошоци согласно со овој закон;

д) податоци на акционерите на друштвото вклучувајќи имиња и адреси;

ѓ) имиња на членовите на органите на управување и вработените во друштвото и висината на надоместоците за нивното работење;

е) информација за доставени известувања до членовите и до пензионираните членови од членот 95 ставови (1) и (3) од овој закон;

ж) подетални податоци за вкупниот број на членови на задолжителниот пензиски фонд, бројот на членовите кои се зачлениле во задолжителниот пензиски фонд, бројот на оние кои преминале во друг задолжителен пензиски фонд, бројот на починати членови и бројот на корисници на пензија;

з) подетални податоци за вкупниот број на пензионирани членови на задолжителниот пензиски фонд, бројот на лица кои склучиле договор за програмирани повлекувања и комбинација по вид на исплата, бројот на пензионирани членови кои ги прекинале договорите за програмирани повлекувања и направиле промена на друштвото кое врши исплата на програмирано повлекување или видот на исплата на пензија и бројот на починати пензионирани членови;

ѕ) евиденцијата од членот 21 став (1) од овој закон;

и) потврда со мислење од овластениот актуар;

ј) годишен извештај за работењето на овластениот актуар;

к) отчет за начинот на исполнување на обврските од членовите 18-а, 18-б и 21-в од овој закон;

л) извештај за извршена процена на средствата на задолжителниот пензиски фонд;

љ) извештаи од внатрешна контроли и внатрешни ревизии и

м) други податоци пропишани од Агенцијата.

(2) Неревидираните финансиски извештаи од ставот (1) точки а) и б) на овој член се доставуваат во рок од еден месец по завршувањето на периодот за кој се однесуваат извештаите, а ревидираните финансиски извештаи од ставот (1) точки а) и б) на овој член се доставуваат во рок од три месеци по завршувањето на периодот за кој се однесуваат извештаите. Извештаите од ставот (1) точки а) и б) на овој член друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ги објавува на својата веб страница во рок од пет дена од доставувањето до Агенцијата.

(3) Податоците од ставот (1) точки в) и л) на овој член се доставуваат за секој датум на процена најдоцна следниот работен ден.

(4) Податоците од ставот (1) точки г), ж) и з) на овој член се доставуваат еднаш месечно, најдоцна до петиот ден во месецот за претходниот месец.

(5) Податоците од ставот (1) точки д), ѓ) и к) на овој член се доставуваат еднаш годишно, најдоцна до 15 ден од завршувањето на деловната година.

(6) Податоците од ставот (1) точка е) на овој член се доставуваат во рок од еден месец од завршувањето на периодот за кој се однесуваат податоците.

(7) Извештаите од ставот (1) точка љ) на овој член се доставуваат за секое

тримесечје, најдоцна до петтиот ден во месецот за претходното тримесечје.

(8) Потврдата со мислење од ставот (1) точка и) на овој член се доставува во рок од еден месец по завршувањето на периодот за кој се однесува потврдата, а извештајот од ставот (1) точката ј) на овој член се доставува во рок од три месеци по завршувањето на периодот за кој се однесува извештајот.

(9) Евиденцијата од ставот (1) точка ѕ) на овој член се доставува во рок од 15 дена по завршувањето на секоја календарска година.

(10) Агенцијата поблиску ги пропишува видот и периодот на кој се однесуваат податоците, начинот и формата на прикажување на истите и постапката за нивно доставување.

Член 97

Податоците за спроведување на надлежностите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија утврдени со овој закон, меѓусебно ќе се разменуваат меѓу Фондот и друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови врз основа на договор.

ГЛАВА XII
НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ

Член 98

(1) Друштвото и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да ги наплатува единствено следниве надоместоци:

а) надоместок од придонес како процент од секој уплатен придонес во задолжителен пензиски фонд, пред претворање на средствата во сметководствени единици. Висината на надоместокот ја определува друштвото, но таа не може да надмине 2 % од секој уплатен придонес;

б) месечен надоместок од вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, за управувањето со задолжителниот пензиски фонд. Висината на надоместокот ја определува друштвото, но таа не може да надмине 0,03 % од вредноста на нето средствата. Пресметката на надоместокот се врши на секој датум на процена на средствата на задолжителниот пензиски фонд и се наплатува на петтиот работен ден во месецот по процената и

в) надоместок во случај на пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот фонд. Максималниот износ на паричниот надоместок и начинот на наплата поблиску го утврдува Агенцијата по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика.

(2) Надоместокот од ставот (1) точка в) на овој член го уплатува членот на задолжителниот пензиски фонд кој пристапува во идниот задолжителен пензиски

фонд. Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд во кој пристапува членот или претставник на тоа друштво не смее да го плати овој надоместок.

(3) Надоместокот од ставот (1) точка в) на овој член не се наплатува во следниве случаи:

а) ако друштвото кое треба да изврши пренос на средства од еден задолжителен пензиски фонд во друг задолжителен пензиски фонд ги зголемило или известило за зголемување на надоместоците од ставот (1) на овој член, во периодот од шест месеци пред датумот на таквиот пренос на средствата;

б) ако Агенцијата докаже дека лицето се зачленило во тој задолжителен пензиски фонд како последица на маркетинг и рекламни активности спротивни на одредбите на овој закон;

в) ако над друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд е отворена стечајна постапка или одобрението за управување со тој задолжителен пензиски фонд му е повлечено или укинато;

г) доколку членот нема средства на индивидуалната сметка или

д) во случај на спојување или присоединување на друштвото кое треба да изврши пренос на средства од еден во друг задолжителен пензиски фонд, во периодот од 180 дена од спојувањето или присоединувањето.

Член 99

(1) Надоместоците од членот 98 став (1) на овој закон друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ги наплатува во ист процент од сите членови на задолжителниот пензиски фонд.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, надоместокот од членот 98 став (1) точка а) на овој закон може да се намали за членови на задолжителен пензиски фонд кои биле членови на тој задолжителен пензиски фонд за временски период утврден од страна на Агенцијата. Намалувањето на надоместокот се прави на еднаков начин за да не се прави разлика меѓу членовите кои биле членови во истиот задолжителен пензиски фонд во ист временски период.

Член 100

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ги извести сите членови на задолжителниот пензиски фонд за секој предлог за зголемување на процентот на надоместоците од членот 98 ставот (1) точка а) или б) на овој закон за зголемување на процентот или апсолутниот износ на надоместокот од членот 98 став (1) точка в) на овој закон, најмалку шест месеци пред нивното воведување.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се врши во писмена форма и се доставува до секој член на задолжителниот пензиски фонд и до Агенцијата. Известувањето се објавува на веб страната на друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и најмалку во еден од најтиражните дневни весници во Републиката.

(3) Ако осигуреник склучи договор за премин согласно со членот 61 на овој закон

задолжително му се става на увид примерок од известувањето од ставот (1) на овој член, што било пратено или треба да се прати до членовите на задолжителниот пензиски фонд во врска со зголемувањето на надоместоците. Во тој случај не се применуваат одредбите од членот 98 став (3) точка а) на овој закон, во однос на тој член на задолжителниот пензиски фонд.

Член 101

(1) Трансакционите провизии во врска со трансакции на стекнување или пренос на средствата на задолжителниот пензиски фонд се плаќаат од средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да врши контрола на провизиите што се исплаќаат од средствата на задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува, на избраните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност непосредно поврзани со тргување со средствата на задолжителните пензиски фондови, заради сигурност дека тие провизии се потполно конкурентни со провизиите што ги наплатуваат други правни лица за слични трансакции. Заради заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните пензиски фондови Агенцијата може да забрани поврзано лице на друштвото да врши услуги со хартии од вредност непосредно поврзани со тргување со средствата на задолжителните пензиски фондови.

(3) Заради обезбедување на конкурентноста од ставот (2) на овој член, изборот на домашни правни лица кои можат да вршат услуги со хартии од вредност се врши врз основа на: најниска провизија, обем на тргување, кадровска, техничка и организациона оспособеност. За да биде избрано домашното правно лице треба да има вработено најмалку двајца овластени брокери, со најмалку две години работно искуство како овластен брокер.

(4) Агенцијата ги пропишува потребниот обем на тргување, кадровската, техничката и организационата оспособеност.

(5) Изборот на правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност се врши за период од 365 дена, според постапката пропишана во овој член.

(6) Агенцијата дава согласност на договорите склучени меѓу друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и правните лица кои вршат услуги со хартии од вредност. Со договорот друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови до Агенцијата го доставува и тарифникот за провизии.

Членот 102 се брише.

(член 55 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013)

Член 103

Сите други трошоци во врска со управување со задолжителен пензиски фонд што не се покриени со провизии, надоместоци или давачки утврдени во овој закон, се на товар на друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд.

## ГЛАВА XIII
## ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

### Член 104

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно средствата на задолжителниот пензиски фонд да ги инвестира согласно со одредбите од овој закон и инвестиционата стратегија со цел за остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

1) кои настанале поради не плаќање на издавачот или другата договорна страна;

2) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;

3) во реалната вредност на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради инфлација и

4) кои се последица од продажба на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Член на управен одбор, надзорен одбор и лице одговорно за инвестициони одлуки во друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови при управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд е должен да применува степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства. Секој член треба да ја исполнува својата обврска во согласност со неговите фидуцијарни должност и треба да обезбеди нивна примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во друштвото.

### Член 105

(1) Врз основа на одредбите од член 106 и 107 на овој закон, средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат само во следниве видови инструменти:

а) депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата.

б) обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира Народната банка на Република Македонија;

в) сертификати за депозит, комерцијални записи и обврзници издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

г) хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

д) обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар;

ѓ) акции од домашни акционерски друштва кои не се затворени инвестициони фондови, издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар или се тргуваат на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување во рамки на редовниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;

е) обврзници издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар на берзата на долгорочни хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата, издадени од единиците на локалната самоуправа и од домашни акционерски друштва кои не се банки;

ж) комерцијални записи издадени од првокласни акционерски друштва во Република Македонија кои не се банки;

з)документи за удел и акции на отворени инвестициски фондови, затворени инвестициски фондови и приватни инвестициски фондови регистрирани во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија при што средствата на приватните инвестициски фондови се вложуваат во акции и удели на микро, мали и средни трговски друштва во Република Македонија, дефинирани со Законот за трговските друштва;

ѕ) обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на државите-членки на Европската унија, земјите членки на ОЕЦД ;

и) должнички хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од недржавни, странски компании или банки од државите-членки на ЕУ, земјите членки на ОЕЦД;

ј) акции издадени од странски компании или банки кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, со кои се тргува на главните берзи во државите-членки на ЕУ ,земјите членки на ОЕЦД;

к) документи за удел, акции и други инструменти издадени од овластени инвестициони фондови со седиште во држава членка на ЕУ или на ОЕЦД што инвестирале претежно во инструменти кои котираат на берзите во тие држави и чија инвестициона политика дозволува користење на деривативни инструменти најмногу до 20% од средствата на инвестициониот фонд, единствено со цел заштита на средствата и обврските на инвестициониот фонд или за поефикасно остварување на целите на инвестиционата политика на инвестициони фондови кои ги следат перформансите на одреден индекс и

л) друг вид на вложување согласно со актите на Агенцијата, под услов тоа да не е во спротивност со членот 108 на овој закон.

(2) Тргувањето со хартиите од вредност на задолжителните пензиски фондови се врши на регулирани секундарни пазари, на пазари преку шалтер и на примарни

пазари за инструментите кои ги исполнуваат условите од овој член.

(3) Средствата на задолжителните пензиски фондови можат да се користат за инвестирање во инструменти кои ги исполнуват условите пропишани од Агенцијата за:

а) условите што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата од задолжителните пензиски фондови;

б) квалитетот на акциите, обврзниците и други инструменти во кои се вложени средствата на задолжителните пензиски фондови и

в) државите или групите на држави во кои можат да се инвестираат средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Член 106

(1) Средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во хартии од вредност на ист издавач најмногу до 10% од номиналната вредност на поединечна хартија од вредност издадена од тој издавач. По исклучок, во обврзници и други должнички хартии од вредност издадени од единиците на локалната самоуправа и од домашните акционерски друштва може да се инвестираат најмногу до 20% од номиналната вредност на поединечната хартија од вредност издадени од издавачите, а во документи за удел и акции на инвестициски фондови може да се инвестираат средства најмногу до 10% од вкупниот број на удели или акции на поединечниот инвестициски фонд. Средствата на задолжителниот пензиски фонд не можат да се инвестираат во повеќе од 40% од вкупно издадените обврзници на единицата на локалната самоуправа. Во обврзници и други хартии од вредност издадени или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар или некоја од државите-членки на ЕУ или на ОЕЦД може да се инвестира без ограничување.

(2)Најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во инструменти, издадени од ист субјект кој не е основан од државата и е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија или во држава-членка на ЕУ или на ОЕЦД, освен во депозити и сертификати за депозит. Најмногу до 7,5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во инструменти, на вакви меѓусебно поврзани субјекти

(3) По исклучок од став (2) на овој член , во удели и акции на инвестициони фондови издадени од исто друштво за управување од држава-членка на ЕУ или на ОЕЦД може да се инвестираат најмногу 15% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестираат најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Во удели и акции на отворени и затворени инвестициски фондови издадени од исто друштво за управување од Република Македонија може да се инвестираат најмногу 2,5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестираат најмногу 1% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Во удели на приватни инвестициски фондови издадени од исто друштво за управување од Република Македонија може да се инвестираат најмногу 1,25% од вредноста на средствата на задолжителниот

пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестираат најмногу 0,5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(4) Најмногу 3% од средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во депозити и сертификати за депозит на една банка која има дозвола издадена од Народна банка на Република Македонија, освен во депозити и сертификати за депозит во банка која е чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд каде што може да се инвестира најмногу 2% од средствата на задолжителниот пензиски фонд. Најмногу до 5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во депозити и сертификати за депозит на меѓусебно поврзани банки.

(5) Агенцијата може да пропише ограничувања на вложувањата на одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во членот 107 на овој закон, кои ќе важат во рок пропишан од Агенцијата, но не подолг од пет години. Ограничувањата не можат да бидат целосно или делумно укинати без претходно известување до секое друштво кое управува со задолжителен пензиски фонд, најмалку една година пред укинувањето.

Член 107

Вложувањата во одделни видови инструменти согласно со членот 105 став (1) точки а) до л) на овој закон подлежат на следниве ограничувања:

а) најмногу 50% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложуваат во инструменти на странски издавач надвор од Република Македонија. Во рамките на ова ограничување најмногу 30% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложуваат во инструменти наведени во членот 105 став (1) точка и), ј), и к) од овој закон;

б) најмногу 80% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложат во инструменти наведени во членот 105 став (1) точки б) и д) на овој закон;

в) најмногу 60% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точки а), в) и г) на овој закон од кои најмногу 30% од средствата на задолжителниот пензиски фонд, можат да се инвестираат во инструментите од членот 105 став (1) точка а) на овој закон;

г) најмногу 40% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точки е) и ж) на овој закон. Во рамките на ова ограничување најмногу 10% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложуваат во обврзници издадени од единиците на локалната самоуправа.

д) најмногу 30% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точка ѓ) на овој закон и

ѓ) најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точка з) на овој закон. Во рамките на ова ограничување најмногу 1,5% од средствата на задолжителниот

пензиски фонд може да се вложи во документи за удел на приватните инвестициски фондови.

Член 108

Средствата на задолжителните пензиски фондови не смеат да се инвестираат во следниве видови инструменти:

а) акции, обврзници и други хартии од вредност кои не котираат на официјален пазар или со кои јавно не се тргува;

б) инструменти со кои не може правно да се располага;

в) материјални добра кои ретко котираат на организирани пазари и чија процена е несигурна, како на пример антиквитети, уметнички дела и моторни возила;

г) недвижен имот и каков било удел во недвижен имот освен хартии од вредност издадени врз основа на хипотека и посредно вложување преку инвестициони фондови;

д) акции, обврзници и други хартии од вредност издадени од:

1) акционер на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

2) чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд и

3) поврзани лица со субјектите наведени во потточките 1) и 2) на оваа точка;

ѓ) банкарски депозити во банки кои се акционери на друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови

е) фјучерс-договори, опциски договори, форвард договори и други деривативни инструменти, освен посредно вложување преку инвестициони фондови во согласност со ограничувањата од член 105 став (1) точка к) на овој закон и

ж) други инструменти уредени од Агенцијата во кои вложувањето би било спротивно на интересите на членовите на задолжителните пензиски фондови.

Член 109

(1) Во случај на кршење на одредбите од овој закон како резултат на промена на пазарните цени, промени на девизните курсеви на странските валути, промени на организационите или економските односи меѓу субјектите во кои се вложени средства на задолжителен пензиски фонд, други околности надвор од непосредната контрола на односното друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, тогаш тоа е должно веднаш да ја извести Агенцијата, да запре со вложување во тој инструмент и да преземе мерки за усогласување на инвестиционите активности на задолжителниот пензиски фонд, со одредбите на овој закон. Друштвото до Агенцијата доставува месечни извештаи за преземените мерки за усогласување на инвестиционите активности.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не е должно веднаш да преземе мерки за коригирање на пречекорувањата на инвестиционите ограничувања утврдени

во овој закон, доколку поединечното пречекорување не е поголемо од 20% од ограничувањето и збирот на сите пречекорувања не надминува 5% од нето вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да изврши усогласување на инвестиционата активност на задолжителниот пензиски фонд со кој управува со условите од овој закон во рок од шест месеца сметано од датумот на стореното прекршување или од датумот на процена на средствата на задолжителниот пензиски фонд кога станало јасно дека постои прекршување на овој закон, во зависност од тоа кое дејствие прво настапило.

(4) На барање на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, доставено во рок од најмалку 60 дена пред датумот на истекот на рокот од ставот (3) на овој член, Агенцијата има право да го продолжи рокот од ставот (3) на овој член за најмногу осумнаесет месеца, ако тоа продолжување е неопходно заради заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд.

Член 110

Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не смее:

а) да ги продава средствата на задолжителниот пензиски фонд на самото себе, чуварот на имот, странскиот менаџер на средства и поврзано лице со некое од овие лица, освен по пат на трансакција извршена преку берза на хартии од вредност овластена од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, односно соодветен надлежен орган во случај на инвестирање на средствата во странство.

б) да купува со средствата на задолжителниот пензиски фонд средства од лицата наведени во точката а) на овој став, освен по пат на трансакција извршена преку берза на хартии од вредност овластена од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, односно соодветен надлежен орган во случај на инвестирање на средствата во странство.

в) да ги користи средствата на задолжителниот пензиски фонд за одобрување заеми и гаранции освен гаранции за задолжување од членот 113 став (1) на овој закон.

Член 111

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, акционерите на друштвото, чуварот на имот, менаџерите на средствата, членовите на управниот и на надзорниот одбор и кое било лице вклучувајќи ги вработените во Агенцијата кои како резултат на службена положба добиле информација за инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд или за планирано инвестирање, а таквата информација не била официјално објавена на пазарот и можела да влијае на цените на котираните инструменти, должни се информацијата да ја чуваат строго доверливо според класификацијата со соодветен степен на тајност согласно закон.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член не смеат непосредно или посредно да ја користат доверливата информација од ставот (1) на овој член, со цел стекнување корист преку продавање и купување хартии од вредност за себе или за други, освен за задолжителниот пензиски фонд.

(3) Друштвото е должно да ја надомести штетата што директно му била нанесена на задолжителниот пензиски фонд од страна на друштвото, директорите, лицата со посебни овластувања и другите вработени, како резултат на кршење на одредбите од овој закон, а особено одредбите од членовите 104 до член 114 на овој закон.

(4) Агенцијата го пропишува начинот на спречување на злоупотреба на информациите од ставот (1) на овој член добиени како резултат на службената положба.

Член 111-а

(1) Лицата од член 111 став (1) на овој закон се должни да ја известат Агенцијата за секоја трансакција со хартии од вредност која ја склучиле во свое име и за своја сметка, на секои 180 дена или пократко по барање на Агенцијата.

(2) Агенцијата ја пропишува содржината и начинот на известувањето од став (1) на овој член.

Член 112

(1) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да управува со средствата на задолжителниот пензиски фонд и не смее да ја пренесува одговорноста за тоа на други.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може управувањето со средствата на задолжителниот пензиски фонд во странство да го довери на менаџер или на менаџери на средства со седиште во странство, доколку истите имаат законско овластување за тоа согласно со законите на матичната држава.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, со статутот на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови се уредуваат критериумите и начинот за пренесување на управувањето со средствата на задолжителниот пензиски фонд во странство.

(4) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да ја известува Агенцијата за промени на странскиот менаџер на средства, но не е должно да бара одобрение за тоа.

(5) Агенцијата поблиску го уредува пренесувањето на управувањето со средствата на задолжителниот пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство.

Член 112-а

(1) Секое друштво кое управува со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд треба да има документ за инвестициона стратегија и да врши негово ревидирање најмалку на секои три години.

(2) Документот за инвестициона стратегија особено треба да ги содржи основите

за анализи кои опфаќаат поставување на планиран принос за задолжителниот пензиски фонд за временски период кој соодветствува на временскиот период во кој еден член со просечна возраст на задолжителен пензиски фонд ќе членува во фондот, имајќи го предвид нивото на трошоци за живот, во согласност со одредбите од членот 104 од овој закон. Во документот за инвестициона стратегија треба да се наведе како ќе се управува со ризиците кои се поврзани со постигнување на планираниот принос и стратешкото инвестирање на средствата, методите за мерење на инвестициониот ризик, процесите за управување со ризици кои ќе се применуваат за да се постигне планираниот принос и следење на начинот на неговото остварување.

(3) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови најмалку еднаш годишно, за секој пензиски фонд со кој управува, изготвува документ за начинот на примена на инвестиционата стратегија за следните 12 месеци, вклучувајќи стратешкото инвестирање на секоја класа на средства, интерните ограничувања за инвестирање и изложеноста на ризиците.

(4) Агенцијата поблиску ја уредува содржината на инвестиционата стратегија.

Член 113

(1) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да се задолжува од името и за сметка на задолжителниот пензиски фонд исклучиво заради подобрување на ликвидноста на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Вкупниот износ на позајмените средства не смее да надмине одреден процент од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд што поблиску го пропишува Агенцијата, но најмногу до 5%.

Член 114

Заради заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд Агенцијата може да воведе дополнителни ограничувања во врска со инвестирањето, по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

## ГЛАВА XIV
## ЧУВАР НА ИМОТ

Член 115

(1) Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да избере единствен чувар на имот, на кого ја доверува

одговорноста за чување на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Доколку задолжителниот пензиски фонд има средства надвор од територијата на Република Македонија, чуварот на имот избира и суб-чувар на имот за чување на тие средства, кој е банка или специјализирана депозитарна институција, има дозвола за работа издадена од надлежен орган во земја надвор од Република Македонија и е овластена за таква дејност согласно со законите на државата каде што ќе врши чување на средства на задолжителен пензиски фонд. Избраниот суб-чувар на имот мора да ги исполнува условите од членот 116 став (2) точките б) и в) на овој закон и да има рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции. Агенцијата поблиску ги пропишува критериумите за рангирање на суб-чуварот на имот.

(3) Сите инструменти во кои се вложени средствата на задолжителниот пензиски фонд мора да се чуваат од страна на чувар на имот.

(4) Чуварот на имот може да врши услуги на чување на средства за повеќе задолжителни пензиски фондови, но е должен чувањето на средствата, работењето во врска со тие средства и евиденцијата на задолжителните пензиски фондови да ги врши одделно за секој задолжителен пензиски фонд, одвоено од другите комитенти и одвоено од сопствените средства, работење и евиденција.

Член 116

(1) Чувар на имот на домашните средства е банка која има дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија.

(2) За вршење работи на чување на средства на задолжителни пензиски фондови, банката мора да ги исполни следниве услови:

а) да има минимални сопствени средства од 20.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија, согласно со дефиницијата за сопствени средства во Законот за банките;

б) да не е акционер во друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд чиј имот го чува, ниту акционер во некое поврзано лице со друштвото и да нема никаква капитална поврзаност меѓу овие лица и

в) членовите на органите на чуварот на имотот и другите вработени во чуварот на имот да не се членови на управниот одбор или надзорниот одбор, генерален директор, директор или други вработени во друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд чии средства ги чува и да не се во исти такви односи со други лица кои се поврзани лица со друштвото.

(3) Доколку банката престане да исполнува некој од условите од ставот (2) на овој член во периодот додека е чувар на имот на задолжителен пензиски фонд, должна е веднаш да ги извести друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд и Агенцијата и да преземе активности за усогласување со одредбите од ставот (2) на овој член во период не подолг од три месеци од денот кога престанала да исполнува некој од условите.

(4) Банката која врши работи на чувар на имот треба да има посебна организациона единица за вршење на тие работи.

Член 117

(1) Чуварот на имотот на задолжителен пензиски фонд ги врши следниве работи:

а) ги чува безбедно хартиите од вредност кои претставуваат средства на задолжителниот пензиски фонд;

б) хартиите од вредност кои претставуваат средства на задолжителниот пензиски фонд како електронски записи ги води на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност;

в) ги чува документите за порамнување во врска со уплатата на парични средства на банкарската сметка на задолжителниот пензиски фонд и исплатата на парични средства од банкарската сметка на задолжителниот пензиски фонд;

г) работи како посредник за порамнување, продава или купува хартии од вредност врз основа на налози од друштвото и ги собира и наплаќа приходите од дивиденди, камати и сите други приходи кои произлегуваат од вложувањата на средствата на задолжителниот пензиски фонд;

д) осигурува дека договорите во врска со инвестиционо стекнување и пренесување на средствата на задолжителниот пензиски фонд се во согласност со закон, статутот на задолжителниот пензиски фонд и налозите за трансакциите на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и дека тие налози се во согласност со закон;

ѓ) врши пресметка на нето средствата и на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд, ги проверува и потврдува пресметките кои ги извршило друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и е одговорен за точноста на пресметките;

е) известува за годишните собранија на акционерите од друштвата и за правата поврзани со сопственоста и ги извршува налозите поврзани со остварување на правата од сопственост;

ж) врши проверка на усогласеноста на портфолиото на задолжителниот пензиски фонд со инвестиционите ограничувања согласно со овој закон и подзаконските акти;

з) соработува и врши надзор на суб-чуварите на имот и

ѕ) пресметува и уплаќа даноци.

(2) Надоместот на чуварот на имот го плаќа друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови од сопствените средства.

Член 118

(1) Чуварот на имот должен е веднаш, прво усно, а потоа и писмено, да ја извести Агенцијата во случај на сомневање или за непочитување на договорот за чување на имот во кој тој е договорна страна, законот или за дејствие спротивно на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член подеднакво се однесува за незаконитости

или за други дејствија извршени од страна на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и на друго лице.

(3) На секој датум на процена чуварот на имот ја известува Агенцијата за вредноста на нето средствата и на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд.

(4) Доколку постои неусогласеност на пресметките на нето средствата и на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд направени од друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и од чуварот на имот, друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да се усогласи со пресметките направени од чуварот на имот. Чуварот на имот веднаш ја известува Агенцијата за начинот на разрешување на неусогласеноста.

(5) Доколку, по проверката од членот 117 став (1) точка ж) од овој закон, чуварот на имот утврди неусогласеност на портфолиото на задолжителниот пензиски фонд веднаш ја известува Агенцијата.

(6) Чуварот на имот доставува до Агенцијата извештај за своето работење еднаш годишно до 31 јануари за претходната година.

(7) Агенцијата поблиску ги пропишува периодот, формата и видот на податоците кои треба да бидат содржани во извештаите од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член.

Член 119

(1) Друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и чуварот на имот мора постојано да имаат договор за чување на имотот. Овој договор задолжително содржи:

а) посебни функции, обврски и должности на чуварот на имот вклучувајќи ја и неговата одговорност за евиденција и порамнување;

б) степен на одговорност за суб-чувари на имот и

в) надомест на чуварот на имот.

(2) Изборот на чуварот на имот и договорот од ставот (1) на овој член подлежи на претходна писмена согласност од Агенцијата.

Член 120

(1) Со договор не може да се ограничи законската одговорност на чуварот на имот и таквите одредби во договор за чување имот се ништовни.

(2) Чуварот на имот одговара за штетите настанати заради неизвршување, неправилно или несовесно извршување на должностите и истите не можат да се покриваат од средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Чуварот на имот не може да ја пренесе својата одговорност согласно со ставот (2) на овој член и во случај кога извршил пренесување на некои должности на суб-чувар на имот согласно со членот 115 став (2) на овој закон.

(4) Во случај кога чувар на имот е банка и таа или со неа поврзани лица се акционери во друго друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни

пензиски фондови кое управува со задолжителните пензиски фондови, банката е должна да преземе мерки за обезбедување потполна доверливост на податоците.

Член 121

(1) Отказниот рок за раскинување на договорот за чување на имот не може да биде покус од шест месеца, освен во случаите наведени во членот 122 на овој закон. Договорната страна која сака да го раскине договорот е должна да достави писмено известување до другата страна и за тоа веднаш да ја извести Агенцијата, наведувајќи ги и причините за раскинување на договорот.

(2) Изборот на друг чувар на имот се врши единствено по претходна согласност од Агенцијата, врз основа на образложено барање со потребните податоци за предложениот чувар на имот кое до Агенцијата го доставува друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

Член 122

(1) Во случај на чуварот на имот да се одземе дозволата од страна на Народната банка на Република Македонија заради неизвршување или несовесно извршување на обврските од договорот за чување на имотот или во случаи на стечај или ликвидација над чуварот на имот:

а) друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно веднаш да ги извести чуварот на имот и Агенцијата дека го раскинува договорот за чување на имот;

б) друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно веднаш да избере нов чувар на имот и да добие писмена согласност за тоа од Агенцијата и

в) доколку друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не постапи согласно со точките а) и б) на овој став, Агенцијата може со решение да издаде наредба за промена на чуварот на имот или да назначи нов чувар на имот.

(2) Агенцијата може да му наложи на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови промена на чуварот на имот и во случај кога неговата финансиска и организациона структура битно се влошила и претставува закана за сигурноста на средствата што се чуваат кај тој чувар на имот.

(3) Народната банка на Република Македонија или друга надлежна институција е должна веднаш да ја извести Агенцијата за влошувањата на финансиската и организационата структура на банката што врши работи на чување на имот, за кое има сознание и смета дека тоа би можело да ги загрози интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд. Обемот, содржината и формата на известувањето подетално меѓусебно ги уредува Агенцијата со Народната банка на Република Македонија и со други надлежни институции.

Член 123

(1) Секоја промена на чуварот на имот се врши на начин што ќе обезбеди непрекинато извршување на услугите на чување на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Во случај на раскинување на договор за чување на имот, чуварот на имот е должен да ги предаде средствата што му биле дадени на чување и целокупната евиденција на задолжителните пензиски фондови и документација во врска со извршувањето на обврските согласно со членот 117 на овој закон на новиот чувар на имот, во рок кој ќе го договорат, но не подоцна од 30 работни дена по склучување на договорот меѓу новиот чувар на имот и друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

Член 124

Над средствата на задолжителниот пензиски фонд, депонирани согласно со одредбите од овој закон, не смее да се спроведе извршување во постапка против чуварот на имот, тие средства не претставуваат дел од средствата на чуварот на имот против кој е отворена постапка на стечај или ликвидација и не смеат да бидат предмет на било какво порамнување.

ГЛАВА XV
ГАРАНЦИИ

Член 125

(1) Од Буџетот на Република Македонија се уплатуваат средства во задолжителен пензиски фонд под следниве услови:

а) ако средствата на задолжителниот пензиски фонд се намалиле како резултат на кривично дело измама, кражба или проневера. Обврската од овој став не се однесува на загубата на вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд во случај на инвестирање спротивно на овој закон или на загуба причинета од измама и кражба во субјект во чии хартии од вредност се инвестирани средства на задолжителниот пензиски фонд;

б) средствата на друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд не се доволни за покривање на загубата од точка а) на овој став;

в) агенцијата доставува до министерот за финансии писмен извештај со предлог за уплата на буџетски средства, во кој потврдува дека не е веројатно загубата во задолжителниот пензиски фонд да биде покриена во наредните шест месеца, и дека се исполнети другите услови од овој член и

г) извештајот на Агенцијата од точка в) на овој став се објавува во јавноста, во рок од пет работни дена по доставувањето на истиот до министерот за финансии.

(2) Уплатата на буџетски средства не е условена со покренување формално обвинение против лице за кривично дело согласно со овој член.

(3) Во случај на исполнување на сите услови од ставот (1) на овој член, од Буџетот

на Република Македонија ќе бидат префрлени средства во задолжителниот пензиски фонд веднаш по приемот на извештајот од ставот (1) точка в) на овој член.

(4) Во задолжителниот пензиски фонд ќе бидат уплатени средства во висина од 80% од износот на загубата на датумот или на датумите на намалувањето, усогласена за просечните резултати на сите задолжителни пензиски фондови, пресметани за период од датумот на намалувањето до датумот на уплатата на средствата.

(5) Во случај кога Агенцијата предложила во Извештајот согласно со ставот (1) точка в) на овој член, да се изврши уплата на средства во задолжителниот пензиски фонд, тој задолжителен пензиски фонд не смее да прима нови членови и да склучува нови договори за програмирани повлекувања се додека не бидат уплатени буџетските средства. Ова ограничување ќе се применува и на одредбите од членовите 58 до 61 на овој закон.

(6) Веднаш по издавањето на извештајот од ставот (1) точка в) на овој член Агенцијата е должна писмено да ги извести сите членови и пензионирани членови на задолжителниот пензиски фонд за можноста од уплата на буџетски средства во задолжителниот пензиски фонд и дека би било спротивно на нивните интереси да го напуштат задолжителниот пензиски фонд пред таквата уплата.

Член 126

(1) Во случај на уплата на средства од Буџетот на Република Македонија, Агенцијата го укинува одобрението на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови каде што се уплатени средствата, доколку смета дека друштвото е виновно за настанатата загуба.

(2) Во случај на уплата на средства од Буџетот на Република Македонија, Агенцијата е должна да ги преземе сите разумни мерки за пронаоѓање и враќање на намалените средства и да побара враќање на намалените средства и надомест на штета од лицата кои се непосредно одговорни или од лица кои неосновано се стекнале со корист од тие средства на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Во обем во кој Агенцијата е во можност да ги пронајде и врати намалените средства или побара враќање на намалените средства и надомест на штетата согласно став 2 на овој член, тие средства ќе бидат употребени за враќање на уплатените средства од Буџетот на Република Македонија во износ еднаков на износот кој бил уплатен од Буџетот на Република Македонија зголемен за камата во висина на есконтна стапка на Народната банка на Република Македонија. Вишокот на средствата по враќањето на средствата во Буџетот на Република Македонија се уплаќаат во задолжителниот пензиски фонд од кој биле намалени средствата, по претходна проверка дали задолжителниот пензиски фонд се уште постои и има членови и пензионирани членови. Доколку задолжителниот пензиски фонд повеќе не постои или нема членови, вишокот на средствата се уплаќа во Буџетот на Република Македонија.

(4) Агенцијата поблиску го пропишува начинот и рокот на враќањето на уплатените средства во задолжителниот пензиски фонд од Буџетот на Република Македонија.

(5) Во случај да се исполнети условите за уплата од Буџетот на Република Македонија, а на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не му е укинато одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд, друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно на Агенцијата да и ги пренесе своите права за преземање правни дејства во однос на намалувањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Во спротивно Агенцијата веднаш ја одзема дозволата на тоа друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

## ГЛАВА XVI
## КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### а) Кривични дела

Член 127

(1) Одговорно лице во друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови коешто со лажно прикажување или прикривање на факти, со доведување во заблуда или на друг незаконит начин издејствува да се донесе одлука во друштвото за незаконито користење или инвестирање на средствата од задолжителен пензиски фонд, па поради тоа ќе биде предизвикана штета врз средствата од задолжителниот пензиски фонд, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член, настапила штета врз средствата од задолжителен пензиски фонд од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Член 128

(1) Одговорно лице во чувар на имот коешто со неизвршување или неправилно извршување на своите законски обврски сврзани со безбедно чување на хартиите од вредност кои претставуваат средства на задолжителен пензиски фонд, предизвика штета на тие средства, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорно лице во чувар на имот кое ќе дозволи спроведување на договор за инвестиционо стекнување или пренос на средствата на задолжителниот пензиски фонд за кој знаел дека е незаконит, па поради тоа ќе настапи штета врз тие средства.

(3) Ако поради делото од став (1) и (2) на овој член настапила штета врз средствата од задолжителниот пензиски фонд од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Член 129

Одговорно лице во друштво за управување со задолжителни пензиски фондови,

друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или друго правно лице што врши работи сврзани со задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, коешто со пречекорување или неизвршување на своите овластувања ќе повреди, одземе или ограничи право на член или на пензиониран член на задолжителен пензиски фонд што му припаѓа според закон, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

## б) Прекршочни одредби

### Член 130
### Прекршочен орган

(1) За прекршоците утврдени во членот 136-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисија за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: Прекршочна комисија).

(2) Советот на експерти ги определува членовите на Прекршочната комисија од редот на овластените службени лица вработени во Агенцијата, а може да определи и секретар на Прекршочната комисија.

(3) Прекршочната комисија е составена од три члена, од кои еден ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија, и тоа:

- претседателот треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит и најмалку пет години работно искуство во својата област и
- двајца членови со висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство релевантни за задолжителните пензиски фондови од областа на правото, економијата, финансиите, сметководството, инвестирањето, осигурувањето или актуарската наука .

(4) Членовите на Прекршочната комисија имаат право на надомест за својата работа во Прекршочната комисија, чија висина ја определува Советот на експерти која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот на работата на членовите и сложеноста на прекршоците.

### Член 131
### Работа на Прекршочната комисија

(1) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(2) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоци и/или со друг закон.

(3) Прекршочната комисија одлучува по прекршоците утврдени во овој закон и

изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон.

(4) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе правен лек согласно Законот за прекршоците.

(5) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците согласно Законот за прекршоците.

(6) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

Член 132

Порамнување

(1) Овластените лица за контрола спроведуваат постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците. За прекршоците утврдени во членовите 133, 134, 135, 136, 136-а и 136-ѓ од овој закон, овластените лица за контрола се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Агенцијата ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог од став (1) на овој член.

Член 133

(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови доколку:

1) не овозможи пристап до книгите, документите и друга евиденција на овластеното лице кое врши контрола во име на Агенцијата согласно со членот 53 став (3) од овој закон;

2) не ги отстрани незаконитостите согласно со членот 53 став (5) од овој закон;

3) средствата од сметката на член или на пензиониран член на задолжителен пензиски фонд ги даде во залог, асигнација или ги пренесе во полза на трети лицаспротивно начленот 67 став (3) од овој закон;

4) не ги распоредува придонесите, пренесените средства, надоместок за ненавремен пренос на средства и приносот од инвестициите на индивидуалните сметки на членовите или на пензионираните членови на задолжителните пензиски фондови и не води евиденција согласно со членот 81 од овој закон;

5) не ги претвора средствата од придонеси и пренесените средства во сметководствени единици согласно со членот 82 од овој закон;

6) врши процена на средствата на задолжителен пензиски фонд спротивно на правилата содржани во членот 83 од овој закон и актите на Агенцијата;

7) не врши пресметка на нето средствата на фондот и на вредноста на сметководствената единица на секој датум на процена и не ја промени проценетата вредност на одредена хартија од вредност, согласно со членот 85 ставови (1), (2) и (4) од овој закон;

8) го води сметководството на друштвото и задолжителниот пензиски фонд спротивно на законите на Република Северна Македонија и на меѓународните сметководствени стандарди и на формата и содржината на финансиските извештаи пропишани од Агенцијата во смисла на членот 88 од овој закон;

9) наплаќа надоместоци на начин и во износи што не се предвидени во членовите 98 и 99 од овој закон;

10) надомести трошоци спротивно на членот 103 од овој закон;

11) инвестира средства од задолжителниот пензиски фонд спротивно на членовите 104, 105, 106, 107 и 108 од овој закон и актите пропишани од Агенцијата;

12) продава, купува или користи средства спротивно на ограничувањата од членот 110 на овој закон;

13) го довери управувањето со средствата на задолжителниот пензиски фонд или ја пренесе одговорноста за тоа врз друг, спротивно на членот 112 од овој закон;

14) се задолжува спротивно на целите и граничувањата од членот 113 на овој закон;

15) избраниот чувар на имот не ги исполнува условите од членот 116 на овој закон;

16) не избере чувар на имот на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата од задолжителниот пензиски фонд или нема постојано договор со чувар на имот согласно со член 115 ставови (1) и (2) и член 119 од овој закон;

17) не ги исполни обврските предвидени во членот 122 ставови (1) точки а) и б) и (2) од овој закон;

18) не обезбеди непрекинато извршување на услугите за чување на средствата на задолжителниот пензиски фонд согласно со членот 123 став (1) од овој закон;

19) постапува спротивно на членот 125 став (5) од овој закон, и

20) не ги пренесе своите права за преземање правни дејствија на Агенцијата согласно со членот 126 став (5) од овој закон.

(2) Глоба до двократен износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема имотна штета.

(3) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови доколку:

1) врши дејности што не се предвидени во членот 7 став (1) од овој закон;

2) не ја зголеми и одржува главнината согласно со членот 10 ставови (2), (4) и (5) од овој закон;

3) не ги одржува, пресметува и не ги зголеми сопствените средства пресметани по методологија пропишана од Агенцијата согласно со членот 10 ставови (6) и (7) од овој закон;

4) не одржува ликвидни средства согласно со членот 10 став (9) од овој закон;

5)не побара согласностза секое стекнување или пренос на акциисогласно со членот 16 став (1) од овој закон;

6) купи акции на друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или се реорганизира, спротивно на членот 16 ставови (5) и (6) од овој закон;

7) не се вклучи во Центарот согласно со членот 39-е став (5) од овој закон.

8) изврши измени без одобрение од Агенцијата согласно со членот 39-ж од овој закон;

9) изврши спојување спротивно на членовите 39-и, 39- ј и 39-љ од овој закон.

(4) Глоба до двократен износ од ставот (3) на овој член ќе се изрече на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови ако со прекршокот од ставот (3) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема имотна штета.

(5) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или во друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, а за прекршокот од став (3) на овој член само на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови.

(6) За прекршоците утврдени во овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 134

(1) Глоба во износ од 8.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови доколку:

1) ги користи своите средства за намени забранети со членот 20 од овој закон;

2) не исполнува некое од барањата предвидени во членот 21 ставови (1), (2), (3), (4) и (5) од овој закон;

3) отпочне со активности на управување со задолжителен пензиски фонд, маркетинг и испитување на јавното мислење спротивно на условите од член 39-е став (6) од овој закон.;

4) не воспостави индивидуална сметка согласно со член 59 став (5) на овој закон;

5) одбие зачленување на осигуреник кој ги исполнува условите пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување во смисла на член 59 став 7 од овој закон;

6) постапи спротивно на членот 61 став (3) од овој закон;

7) не ги исполнува обврските од членот 63 став (1) на овој закон;

3) не ги исполни обврските од членот 63 став (3) од овој закон;

8) не ги обезбеди правата на членот на задолжителниот пензиски фонд кој престанал да уплаќа придонеси во фондот пред пензионирањето согласно со членот 64 од овој закон;

9) не ги пренесе во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија средствата од сметката на член на задолжителен пензиски фонд

кој стекнал право на инвалидска пензија согласно со членот 65 од овој закон;

10) не ги исполнува своите обврски во случај на смрт на член на задолжителен пензиски фонд предвидени во членот 66 од овој закон;

11) не ги пренесе во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија уплатените придонеси за членот на задолжителен пензиски фонд согласно со членот 66-а став (1) од овој закон.

12) дава погрешни и неточни информации за задолжителен пензиски фонд или за друштвото кое управува со тој фонд или дава изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати за задолжителен пензиски фонд или не постапи по решението на Агенцијата во смисла на членот 75 ставови (1), (2) и (5) на овој закон.

13) не ги исполнува условите од членот 76 став (1) на овој закон;

14) не склучи договор за вршење на работите на маркетинг на задолжителен пензиски фонд со деловен соработник согласно со членот 76 став (2) од овој закон;

15) склучува договор за членство, договор за премин или договор за програмирани повлекувања со физичко лице без посредство на агент спротивно на членот 77 став (1) од овој закон;

16) применува постапки на маркетинг на задолжителни пензиски фондови забранети со членот 79 од овој закон;

17) не го утврди приносот за задолжителниот пензиски фонд со кој управува согласно со членот 86 од овој закон;

18) не ги почитува барањата во врска со објавување информативен проспект содржани во членот 94 ставови (1), (2), и (3) од овој закон;

19) не достави информативен проспект и статут на член и на пензиониран член на задолжителен пензиски фонд, не ги даде на увид на лице и не извести лице согласно со членот 94 ставови (4) и (5) од овој закон;

20) доставува податоци до членовите и до пензионираните членови во форма спротивно на членот 95 став (5) од овој закон;

21) не ја исполнува обврската за редовно информирање на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд согласно со членот 95 од овој закон;

22) не ги доставува до Агенцијата информациите наведени во членот 96 став (1) од овој закон и во актите пропишани од Агенцијата;

23) не ги извести Агенцијата и сите членови на задолжителниот пензиски фонд за секоја промена на висината на надоместоците, на начин и во рокови предвидени во членот 100 од овој закон;

24) не обезбеди целосна конкурентност на провизиите согласно со членот 101 од овој закон;

25) постапи спротивно на ограничувањата предвидени со член 109 од овој закон;

26) не ја извести Агенцијата кога сака да го откаже договорот за чување на имот согласно со членот 121 од овој закон, и

27) не постапува согласно ставовите и мислењата изнесени во актите на Агенцијата.

(2) Глоба до двократен износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема имотна штета.

(3) Глоба во износ од 8.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, доколку:

1) не донесе Кодекс за добро корпоративно управување и не работи согласно со членот 4 став (3) од овој закон;

2) не воспостави ефикасни контролни механизми и не воспостави процедури и не определи лица согласно со членот 18-б од овој закон;

3) не воспостави организациона единица согласно со членот 21-а став (1) од овој закон;

4) не ги почитува обврските од членот 21-б ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон;

5) не воспостави активности за управување со ризици, не назначи лице одговорно за управување со ризици и не достави извештај согласно со членот 21-в ставови (1), (2) и (5) од овој закон;

6) не назначи надворешен овластен ревизор со добри референци и не објави извадок од ревидираниот финансиски извештај со мислење на овластениот ревизор согласно со членот 22 од овој закон;

7) постапи спротивно на членот 22-б од овој закон, и

8) нема документ за инвестициона стратегија со содржина согласно со членот 112-а ставови (1) и (2) од овој закон и актите пропишани од Агенцијата.

(4) Глоба до двократен износ од ставот (3) на овој член ќе се изрече на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови ако со прекршокот од ставот (3) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема имотна штета.

(5) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или во друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, а за прекршокот од став (3) на овој член само на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови.

(6) За прекршоците утврдени во овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд

Член 135

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови доколку:

1) доколку не постапи согласно со членот 75 став (4) на овој закон;

2) доколку не постапи согласно со членот 77 став (7) од овој закон;

3) веднаш не ја извести Агенцијата за вредноста на нето-средствата на

задолжителниот пензиски фонд и вредноста на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд согласно со членот 85 ставови (1) и (2) од овој закон, и

4) не доставува информации и податоци до Агенцијата или не доставува податоци и информации во рокови предвидени со членот 96 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови доколку:

1) не изготви годишен план за работа, извештај за своето работење и не ги достави до Агенцијата согласно со членот 21-а ставови (3), (4) и (5) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или во друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, а за прекршокот од став (2) на овој член само на одговорно лице за прекршок во друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 136

„(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на чувар на имот доколку:

1) не му овозможи пристап до книгите, документите и другата евиденција на овластеното лице кое врши контрола во име на Агенцијата согласно со членот 53 став (3) од овој закон;

2) не ги отстрани незаконитостите согласно со членот 53 став (5) од овој закон;

3) не ги врши чувањето на средствата, работењето во врска со тие средства и евиденцијата на пензиските фондови одделно за секој задолжителен пензиски фонд, одвоен од другите комитенти и одвоен од сопствените средства, работење и евиденција согласно со членот 115 став (4) од овој закон;

4) не преземе активности за усогласување со одредбите од членот 116 став (2) во период не подолг од три месеци од денот кога престанала да исполнува некој од условите согласно членот 116 став (3) од овој закон;

5) не ги исполнува надлежностите од членот 117 на овој закон;

6) постапи спротивно на членот 118 од овој закон;

7) ги покрива штетите од средствата на задолжителниот пензиски фонд спротивно на членот 120 став (2) од овој закон;

8) не обезбеди потполна доверливост на податоците согласно со членот 120 став (4) од овој закон;

9) не ја извести Агенцијата кога сака да го откаже договорот за чување на имот согласно со членот 121 од овој закон, и

10) во случај на раскинување на договорот за чување имот, не ги исполни обврските од членот 123 став (2) на овој закон.

(2) Глоба до двократен износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на чувар на имот ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавил поголема имотна корист или предизвикал поголема имотна штета.

(3) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во чуварот на имот.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 136-а

(1) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице доколку како:

1) член на управен одбор, на надзорен одбор и одговорно лице за: инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања не ја исполнува фидуцијарната должност од членот 18-а став (1) од овој закон.

2) како лице одговорно за индивидуални сметки не се придржува кон обврските од член 21 став (8) на овој закон.

3) актуар не се придржува кон обврските предвидени во членот 21-б ставови (5), (6), (7) и (10) од овој закон и

4) лице одговорно за управување со ризици не обезбедува објективна анализа на ризиците и не го советува правилно управниот одбор согласно со членот 21-в став (3) од овој закон.

5) како агент на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови не се придржува кон обврските и ограничувањата предвидени во членот 75 ставови (1) и (2) од овој закон

6) лице одговорно за маркетинг не се придржува кон обврските од член 75-а став (1) од овој закон;

7) лице одговорно за контрола на агенти не се придржува кон обврските од член 75-а став (2) од овој закон;

8) како агент на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови не се придржува кон обврските и ограничувањата предвидени во членот 77 ставови (2) и (3) и (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 50 до 60 евра денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кандидатот ако постапи спротивно на член 77-е ставовите (2), (3) и (4) од овој закон.

Член 136-б

„(1) Глоба во износ од 7.000 до 8.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија доколку:

1) не ги пренесе придонесите во задолжителните пензиски фондови избрани од

страна на членовите во проценти и рокови определени со членовите 60 и 69 став (1) точка в) и г) од овој закон;

2) не ги исполнува обврските предвидени во членот 68 став (1) од овој закон, и

3) не им доставува на друштвата податоци во врска со уплатата на придонесите согласно со членот 69 став (1) точка г) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

(3) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 136-в

„(1) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во Агенцијата, доколку:

1) прифати функција или вработување или стекнува акции спротивно на членот 51 став (7) од овој закон;

2) како овластено лице во Агенцијата кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот ако дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон;

3) како овластен претставник од членот 77-ѓ став (5) од овој закон дозволи кандидатот да постапи спротивно на член 77-е ставовите (2), (3) и (4) од овој закон;

4) како член на Комисијата од членот 77-ј став (6) од овој закон ако утврди неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатира во извештајот до Советот на експерти, и

5) како службено лице во Агенцијата не ги побара доказите по службена должност во рок од три дена од приемот на барањето согласносо членовите 77 став (8) и 77-а став (3) од овој закон.

(2) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 136-г

(1) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противввредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице од надлежниот јавен орган ако не ги достави побараните доказите по службена должност во рок од три дена од приемот на барањето согласно со членовите 77 став (9) и 77-а став (4) од овој закон.

(2) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 136-д

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице кое се пријавило за дозвола за основање друштво доколку:

1) не ја уплати основната главнина на начин пропишан со членот 11 од овој закон;

2) основната главнина потекнува од извори спротивни на членот 12 од овој закон;

3) не изврши соодветно усогласување во рок од шест месеци согласно со членот 14 став (5) од овој закон, и

4) во поднесената документација приложило неточни податоци спротивно на членот 39в од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорно лице за прекршок во правното лице.

(3) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 136-ѓ

(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Центарот доколку:

1) не овозможи пристап до книгите, документите и друга евиденција на овластеното лице кое врши контрола во име на Агенцијата согласно со членот 53 став (1) точка г) од овој закон, и

2) не ги отстрани незаконитостите согласно со членот 53 став (5) од овој закон.

(2) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 136-е

„(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра денарска противвредност ќе му се изрече на овластено правно лицето кое технички го спроведува испитот од членот 77-ѓ став (7) од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(2) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

ГЛАВА XVII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 137

(1) Агенцијата почнува со работа од денот на именување на директорот.

(2) Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ги именува директорот и заменикот на директорот.

(3) Владата на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ги именува членовите на управниот одбор на Агенцијата.

(4) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на именување на членовите на управниот одбор ќе донесе статут.

(5) Агенцијата ги донесува прописите за спроведување на овој закон во рок од 180 дена од денот на почнување со работа на Агенцијата.

Член 138

(1) Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2003 година, а пред датумот на издавање на дозволите за основање на друштва, се должни да се зачленат во задолжителен пензиски фонд до датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон.

(2) Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување по датумот на издавање на дозволите за основање на друштва, а пред датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон, се должни да се зачленат во задолжителен пензиски фонд најкасно до три месеци сметано од датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон.

Членот 139 се брише

( член 21 од "Службен весник на Република Македонија" бр.245/2018)

Член 139-а се брише

(член 24 од "Службен весник на Република Македонија бр.48/09")

Членовите 139-б, 139-в, 139-г, 139-д и 139-ѓ се бришат.

(член 24 од "Службен весник на Република Македонија бр. 50/10")

Член 139-е

(член 19 од "Службен весник на Република Македонија" бр.113/05)

Одредбите од членовите 90 и 91 на овој закон се применуваат по истекот на пет години сметано од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон.

Член 140

(член 70 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08)

(1) Агенцијата може, по барање на член на пензиски фонд, да ја поништи неговата регистрација во Регистерот на членови доколку процените на идната пензија, врз основа на неговата возраст и стаж до зачленување во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, покажуваат дека членувањето е спротивно на неговите интереси.

(2) Член на задолжителен пензиски фонд може да го достави барањето од став (1) на овој член до Агенцијата најдоцна во рок од 180 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 141

(член 71 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08)

Максималната висина на надоместокот од придонес што Агенцијата го определува согласно член 36 став (3) од овој закон, за 2008 година ќе го определи за преостанатиот период од оваа година.

Член 142

(член 72 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08)

(1) До донесувањето на законот за исплата на пензија преку ануитети или програмирани повлекувања, кога член на пензиски фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да го повлече целиот износ од неговата индивидуална сметка.

(2) До донесување на законот за исплата на пензија преку ануитети или програмирани повлекувања, кога член на пензиски фонд нема да стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување заради тоа што нема исполнето пензиски стаж најмалку 15 години, може да го повлече целиот износ од неговата индивидуална сметка.

Член 143

(член 73 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08)

(1) Во целиот текст од законот зборовите: "пензиски фонд" во различен член и број се заменуваат со зборовите:"задолжителен пензиски фонд."

(2) Одредбата од ставот 1 на овој член не се однесува на членовите 46,47,48,49,50,51,52,53,55 и 56.

Член 144

(член 74 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08)

Подзаконските прописи кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 180 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 145

(член 75 од "Службен весник на Република Македонија" бр.88/08, поништен со Одлука на Уставен суд на Република Македонија бр.165/08, објавена во "Службен весник на Република Македонија бр.40/09)

Одредбите од член 15 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2008 година.

Член 146

(член 76 од “Службен весник на Република Македонија” бр.88/08)

Со започнување на примената на одредбите од член 15 од овој закон престануваат да важат одредбите од ГЛАВА III со членовите 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 29/02, 85/03, 40/04, 113/05 и 29/07).

Член 147

(член 77 од “Службен весник на Република Македонија” бр.88/08)

Во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон, на постојните друштва за управување со пензиски фондови, на кои им се издадени одобренија за управување со пензиски фондови за период од десет години, Агенцијата ќе им издаде одобренија за управување со задолжителни пензиски фондови со неограничено траење.

Член 148

(член 25 од “Службен весник на Република Македонија” бр.48/09)

(1) Чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови основано до влегување во сила на овој закон е Народна банка на Република Македонија.

(2) Во рок од шест месеци од влегување во сила на овој закон друштвата од став (1) на овој член треба да изберат чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд согласно член 115 и 116 од Законот за здолжително капитално финансирано пензиско осигурување(“Службен весник на Република Македонија“ број 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07 и 88/08).

(3) До изборот на чувар на имот од став (2) на овој член друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ја известува Агенцијата за инструментите во кои планира да ги инвестира средствата на задолжителниот пензиски фонд со кој управува.

(4) Агенцијата продолжува да води евиденција на дозволени финансиски инструменти за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови до пренесување на улогата на чувар на имот од Народна банка на Република Македонија на банка.

Член 149

(член 26 од “Службен весник на Република Македонија” бр.48/09)

Член 19 од овој закон не се однесува на банкарските депозити вложени во банки

до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 150
(член 27 од "Службен весник на Република Македонија" бр.48/09)

Членот 27 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија„број.88/08) се брише.

Член 151
(член 65 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Постојните друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови се должни да се усогласат со одредбите од членот 9 ставови (7) и (8) на овој закон во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 152
(член 66 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Агенцијата ги запишува постојните задолжителни пензиски фондови во регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови и им определува идентификациски број во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 153
(член 67 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10 сменет со член 13 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 171/10 година )

(1) Агенцијата ја отвара сметката во деловна банка на трети јануари 2011 година.

(2) На денот на отварањето на сметката од став (1) на овој член, 15% од средствата на Агенцијата од сметката која се води во Буџетот на Република Македонија се пренесуваат на сметката во деловна банка, а 85% од средствата се пренесуваат на сметка на Буџетот на Република Македонија .

Член 154
(член 68 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

(1) Доколку друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не докаже дека при склучување на договор за членство со лице од членот 38 став (1) на овој закон не можело разумно да се претпостави дека

членувањето на тоа лице е во спротивност со неговите интереси, лицето кое склучило договор за членство пред влегување во сила на овој закон може во рок од една година неговото влегување во сила на законот да поднесе барање до Агенцијата за поништување на неговата регистрација во Регистерот на членови.

(2) Доколку друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не докаже дека при склучување на договор за членство со лице од членот 38 став (1) на овој закон не можело разумно да се претпостави дека членувањето на тоа лице е во спротивност со неговите интереси, лицето кое склучило договор за членство по влегување во сила на овој закон може во рок од една година од склучување на договорот за членство да поднесе барање до Агенцијата за поништување на неговата регистрација во Регистарот на членови.

Член 155
(член 69 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Висината на надоместокот од придонеси од членот 43 став (1) на овој закон, кој го наплатуваат друштвата или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, за 2010 година не може да надмине 5,5 % од секој уплатен придонес и за 2011 година не може да надмине 4,5 % од секој уплатен придонес.

Член 156
(член 70 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Висината на надоместокот од членот 45 на овој закон кој го наплатува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за 2010 година не може да биде повисок 0,2% годишно.

Член 157
(член 71 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Одредбата од членот 46 на овој закон за вложување во депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата и достасуваат во рок кој не е подолг од една година, не се однесува на депозити вложени во банки до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 158
(член 72 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

(1) Одредбите од членовите 47 став (3) и 48 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член одредбите од членот 47 став (3) на овој закон во период од една година од денот на влегување во сила на овој закон најмногу 5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во депозити и сертификати за депозит на една банка која има дозвола издадена од Народна банка на Република Македонија, при што најмногу до 7,5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд може да се инвестираат во депозити и сертификати за депозит на меѓусебно поврзани банки.

Член 159

(член 74 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 160

(член 14 од "Службен весник на Република Македонија" бр. 171/10)

Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 163

(член 22 од „Службен весник на Република Македонија" бр.98/12)

Советот на експерти ќе се формира во рок од најмногу 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Директорот, заменикот на директорот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата именувани пред влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат функцијата до изборот на членовите на Советот на експерти според овој закон.

Член 164

(член 23 од „Службен весник на Република Македонија" бр.98/12)

Секоја измена и дополнување на финансискиот план на Агенцијата за 2012 година Агенцијата ја доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија.

Член 165

(член 24 од „Службен весник на Република Македонија" бр.98/12)

Статутот на Агенцијата утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Деловникот за работа на Советот на експерти ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на донесувањето на Статутот.

Актите за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места на Агенцијата ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесување на прописите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 166
(член 25 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12)

Друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови треба да изврши усогласување на инвестиционата активност на задолжителниот пензиски фонд со кој управува со членовите 17 и 18 од овој закон, најдоцна до 15 јануари 2013 година.

Член 167
(член 26 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 168
(член 71 од„Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013)

Членот 72 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08) се менува и гласи;

(1) До денот на започнувањето со примена на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кога член на пензиски фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да го повлече целиот износ од неговата индивидуална сметка.

(2) До денот на започнувањето со примена на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кога член на пензиски фонд нема да стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување заради тоа што нема исполнето пензиски стаж најмалку 15 години, може да го повлече целиот износ од неговата индивидуална сметка.

Член 169
(член 72 од„Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013)

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република

Македонија" број 98/2012) , во членот 1 став 3 зборовите „5-а која станува точка 5„ се заменуваат со бројот „4-а".

Член 170

(член 73 од„Службен весник на Република Македонија" бр.13/2013)

Висината на надоместокот од придонеси од членот 52 став 1 на овој закон со кој се менува членот 98 став (1) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување , кој го наплатуваат друштвата или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови се намалува секоја година и не може да изнесува повеќе од 3,5 % за 2014 година; 3,25%за 2015 година; 3 %за 2016 година ; 2,75% за 2017 година; 2,5% за 2018 година и 2,25% за 2019 година, од секој уплатен придонес.

Висината на месечниот надоместокот од вредноста на нето средствата од членот 52 став 2 од овој закон со кој се менува членот 98 став (1) точка б) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кој го наплатуваат друштвата или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови се намалува секоја година и не може да изнесува повеќе од 0,045 % за 2014 година ; 0,04% за 2015 година; 0,04 % за 2016 година; 0,035% за 2017 година и 0,035% за 2018 година.

Сметано од 1 јуни 2013 година висината на надоместокот од придонеси од членот 52 став 1 од овој закон со кој се менува член 98 став (1) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, кој го наплатуваат друштвата или друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови од секој уплатен придонес не може да изнесува повеќе од 3,75 %, а висината на месечниот надоместокот од вредноста на нето средствата од членот 52 став 2 од овој закон со кој се менува член 98 став (1) точка б) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување не може да изнесува повеќе од 0,045 %.

Член 171

(член 74 од„Службен весник на Република Македонија" бр.13/2013)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 172

(член 75 од„Службен весник на Република Македонија" бр.13/2013)

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 173
(член 76 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013)

Одредбите на членот 31 од овој закон со кој се менува членот 61 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/02, 85/03, 40/04, 113 /05, 29/07, 88/08 , 48/09, 50/10, 171/10, 36/11 и 98/2012), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година.

Одредбите од членот 55 од овој закон со кој се брише членот 102 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/02, 85/03, 40/04, 113 /05, 29/07, 88/08 , 48/09, 50/10, 171/10, 36/11 и 98/2012), ќе започнат да се применуваат од 1 јуни 2013 година.

Одредбите од членот 58 став (1) од овој закон со кој се менува членот 117 став (1) точка ѓ) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/02, 85/03, 40/04, 113 /05, 29/07, 88/08 , 48/09, 50/10, 171/10, 36/11 и 98/2012), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година.

Одредбите од членот 59 од овој закон со кој се менува членот 118 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/02, 85/03, 40/04, 113 /05, 29/07, 88/08 , 48/09, 50/10, 171/10, 36/11 и 98/2012), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година.

Член 174
(член 77 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Член 175
(член 5 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.164/2013)

Подзаконските акти предвидени со овој закон се донесуваат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 176
(член 6 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.164/2013)

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 177
(член 7 од „Службен весник на Република Македонија“ бр.164/2013)

Започнатите постапки за полагање на испит на агенти до денот на

започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите од прописите по кои започнале.

Член 178
(член 8 од „Службен весник на Република Македонија" бр.164/2013)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а членовите 1 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 179
(член 4 од „Службен весник на Република Македонија" бр.44/2014)

Статутот на Агенцијата и актите за спроведување на овој закон ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од девет месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 180
(член 5 од „Службен весник на Република Македонија" бр.44/2014)

Членовите на Советот на експерти на Агенцијата именувани пред денот на започнувањето на примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 181
(член 6 од „Службен весник на Република Македонија" бр.44/2014)

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите од членот 2 од овој закон со кој се додава нов став (5) на членот 52 ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето со примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

Член 182
(член 8 од „Службен весник на Република Македонија" бр.192/2015)

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително финансирано пензиско осигурување.

Член 183
(член 9 од „Службен весник на Република Македонија" бр.192/2015)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 184

(Член 9 од службен весник на РМ.бр.30/2016)

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 185

(Член 10 од службен весник на РМ.бр.30/2016)

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 186

(Член 11 од службен весник на РМ.бр.30/2016)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 187

(Член 2 од Службен весник на РМ.бр.21/2018)

Одредбите од членот 51 став (1) точка д) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15 и 30/16), и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 51 став (1) точка д) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 188

(Член 3 од Службен весник на РМ.бр.21/2018)

Членот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување. На членот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 189

(Член 4 од Службен весник на РМ.бр.21/2018)

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 190

(Член 5 од Службен весник на РМ.бр.21/2018)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 191

(Член 22 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

(1) На член на задолжителен пензиски фонд роден пред 1 јануари 1967, му престанува членството во задолжителен пензиски фонд на 1 јануари 2019 година. Со престанување на членството, осигуреникот останува осигурен само во тековното финансирано пензиско осигурување засновано на генерациска солидарност.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, членот на задолжителен пензиски фонд роден пред 1 јануари 1967 година, кој пристапил во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување по сопствен избор и станал член на задолжителен пензиски фонд, согласно со членот 58 став (3) на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018), има право да избере да го прекине или продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за престанување или продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, најдоцна до 30 септември 2019 година. Доколку членот, во текот на траењето на овој рок не даде изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, по истекот на рокот му престанува членството во задолжителен пензиски фонд. На членот кој дава изјава за престанување на членството во задолжителен пензиски фонд пред 30 септември 2019 година, членството му престанува на датумот на давањето на изјавата.

(3) За членовите на кој му престанува членството согласно со ставот (1) на овој член, друштвото го пренесува вкупниот износ на средствата од сметката на членовите во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македо-нија, во рок од шест месеци почнувајќи од 1 јануари 2019 година, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја за-твора индивидуалната сметка на членот.

(4) За членовите од ставот (2) на овој член, индивидуалната сметка во задолжителиот пензиски фонд останува отворена и тие средства се инвестираат на еднаков начин како и другите средства на задолжителниот пензиски фонд до датумот на давањето на изјавата за престанување на членството односно до истекот на рокот

од ставот (2) на овој член. По престанокот на членството согласно со ставот (2) на овој член, друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од сметката на членот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

Член 192

(Член 23 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

На осигурениците кои се стекнале со членство во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018) и кои се родени по 1 јануари 1967 година, им продолжува членството во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 193

(Член 24 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

(1) На членовите на задолжителен пензиски фонд кои до денот на започнување на примена на овој закон, во текот на осигурувањето се стекнале со својство на осигуреник согласно со членот 11 точки 9 и 15 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување или во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење, им престанува членството во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување на 1 јануари 2019 година.

(2) За членовите на кои им престанува членството согласно со ставот (1) на овој член, друштвото го пренесува вкупниот износ на средствата од сметката на членовите во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во рок од шест месеци почнувајќи од 1 јануари 2019 година, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

Член 194

(Член 25 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

(1) Осигурениците кои согласно со членот 58 од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018) се задолжителни членови на задолжителните пензиски фондови, но кои до денот на започнување на примена на овој закон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не ги распределил во задолжителните пензиски фондови

согласно со членот 69 став (1) точка в) од овој закон, Фондот на пензи-ското и инвалидското осигурување на Македонија е должен при нивното распределување во задолжителните пензиски фондови покрај пренесувањето на придонесите за тие осигуреници уплатен за периодот од датумот на уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување до денот на нивното распределување, да уплати надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

(2) Начинот на пресметка и уплата на надоместокот од ставот (1) на овој член го пропишува Агенцијата.

Член 195

(Член 26 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12), членот 1 се брише.

Член 196

(Член 27 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 197

(Член 28 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 198

(Член 29 од Службен весник на РМ.бр.245/2018)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2019 година.

Член 199

(Член 2 од Службен весник на РСМ број 180/2019)

(1) Член на задолжителен пензиски фонд, кој до денот на влегувањето во сила на овој закон има навршено стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и

инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, најдоцна до 30 ноември 2019 година.

(2) Доколку членот на задолжителен пензиски фонд, во текот на траењето на рокот од ставот (1) на овој член, не даде писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, по истекот на овој рок му престанува членството во задолжителен пензиски фонд.

(3) По престанокот на членството согласно со ставот (2) на овој член, друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од индивидуалната сметка на членот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

Член 200

(Член 3 од Службен весник на РСМ број 180/2019)

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 201

(Член 4 од Службен весник на РСМ број 180/2019)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Член 202

(Член 28 од Службен весник на РСМ број 103/2021)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 203

(Член 29 од Службен весник на РСМ број 103/2021)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.